СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Првото продолжение на 78-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 октомври 1997 година

Скопје, октомври 1997 година

## I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 78-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 23. X. 1997 ГОДИНА

Дискутанти:

1. ВАНГЕЛОВ АТАНАС - 25, 32
2. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ - 4
3. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 78, 94. 110
4. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 97 ,99, 109
5. ГАЈТАНОВСКИ ИЛО - 68 (зам.мин,за ) Внатр. раб)
6. ГОШЕВ ТУШЕ - 112
7. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 73, 74
8. ЗАФИРОВСКИ БОРКО - 1
9. КАДРИУ ЗЕКИР – 50
10. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 74
11. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 77, 83, 114
12. КАРОВ ЗВОНКО - 130
13. МИНОВ ПАНЧО - 76,102
14. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 87
15. МИТЕВСКИ ДРАГАН - 71
16. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 73,91
17. ПАВЛОВ БОРИС - 80
18.ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1..( води седница )
19. ПУРДЕ НАЏИ - 59,62
20. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 75
21. РАМАДАНИ ХИСЕН - 22, 24
22. РАМАДАНИ САЛИ - 10,17
23. СПАСОВ ЃОРЃИ - 87,89, 1о6, ( минис.за правда)
24. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 7,79
25. СТОЈАЖОВСКИ ТОМИСЛАВ - 40,108
26. СТЕФАЖОВСКИ БЛАГОЈА - 45, 48, 78
27. СИМЈАКОВСКИ НАУМ - 63
28. ТУДА РАМИ - 35,40
29. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 7,9
30. ФИТИ ТАКИ - 82,115,119,125,129
31. ШАКИРИ ХИСНИ - 56,57
32. ШАПУРИЌ ЗОРАН -67,96,1о8,110.

Дневен ред:

Т.2 -стр.1- Претрес по Пред.на Зак. за макед.јазик.
Т.-3-стр.67- одложена, па на с, 80. Закон за Ратиф. на Влад.на РМ со Австриската Сојузна Влада за стоп. земјод.индустр.и техн.соработка.
Т.-4-стр.67-Допол.на Зак. за Внатр,
Т.5.-стр.71-Зак.за терит.подел.на РМ
Т.6-стр.72-Зак.за исплата на поб. на граѓ.по основ на штед,влогови.
Т.7.-стр.82-Зак.за пријавување на имотот на функционерите.
Т.8.-стр.119-Зак.за данок на додадена вредност.

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 78-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 октомври 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 7 8-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јане Ангеловски, Љубомир Чадиковски, ДИмче Настоски и Мирко Иванов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Стигнавме до втората точка, а тоа е Претрес по предлогот за донесување на законот за македонскиот јазик.

Има збор г-дин Борко Зафировски, заменик министер за култура.

**БОРКО ЗАФИРОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа,

Ми претставува особена чест во името на Министерството за култура односно Владата на Република Македонија да образложам дел од значајните прашања поврзани со мотивите, подготовката и функцијата на документот што го предлагаме насловен како Предлог за ^донесување на закон за употреба на македонскиот јазик. Иако по обем кус, тој ги содржи сите потребни елементи за толкување и разбираше на оваа извонредно значајна проблематика од нашето духовно, културно

богатство, а тоа се причините поради кои треба да се донесе законот, основните начела врз кои се заснива, образложението за постапката содржината во форма на предлог закон, образложението за уставниот основ со оценка за состојбата, целите на уредувањето, актите за извршување и финансиската поддршка, како и прилозите за соодветните прописи во Република Македонија, за меѓународните акти и списокот на држави чии прописи се се констатирани од страна Министерството за култура.

Македонскиот јазик е од посебно културно историско значење за Република Македонија. Па, заедно со кирилското писмо се дел од блесокот што пред векови се пробиваше низ словенскиот свет, вгра-дувајќи се во основните придобивки на цивилизацијата, исто како и денес кога нејзиното нишало го отчукува пулсот на опстанокот и доживеаната самобитност, но со една напомена. Духот на народот мачните жртви на преродбата и целосната посветеност на науката и творештвото во последните педесетина години итно не повикуваат на сериозна анализа и дополнителна грижа за употребата на македонскиот јазик, со што се подразбираат, заштитата унапредувањето и збогатува- н>ето. За таа цел се водат повеќегодишни расправи со кои се укажува на неповолните и загрижувачки состојби од кои произлезе и потребата за осмислување на овој предлог.

Кога се вообличи првиот основен концепт во Министерството за култура отпочнаа повеќемесечната консултативна односно отпочна повеќемесечниот консултативен и творечки процес, процедура во која зедоа учество голем број истакнати личности и претставници на авторитетни установи, кој својот придонес го" вградија во^материјата што се наоѓа пред нас, истовремено актуализирајќи го афирмативно процесот кој бара постојана грижа и претставува движење охрабрено од се пошироката поддршка во јавноста.

Дами и господа, ова е момент кога Собранието на Република Македонија треба да се соочи со специфична и суптилна проблематика присутна во образованието, научните и културните институции на кои дополнително ќе им се помогне со делувањето, со функционирањето на оваа нормативна категорија. Истовремено, треба да се истакне дека овој проект се надоврзува на законот за авторските и сродните права како континуитет и придонес кон високите стандарди на културите, што широко зрачат во зацврстувањето на самочувството на дополнувањето на меѓусебната толеранција. Во таа смисла убедени сме дека е полезно за сите граѓани на Република Македонија во оваа значајна прилика да се дистанцираат од опасностите на дневно политичката сувопарност, пресметливост и појави на недоверба. Мислиме дека овој предлог е инспиративен за во градителска насока, придонесува за меѓусебното разбирање, охрабрувајќи ги слободното творештво и научната мисла во согласност со Уставот и важечките закони. Затоа, предлогот за донесување на закон за употреба на македонскиот јазик ќе го засили духовното самочувствие за сите вредности во нашата демократска заедница. Овој предлог се подготвуваше, меѓу другото и со нагласено чувство за политичката реалност која ако се согласите ќе се унапредува соодветно на културните добивки втемелени врз традицијата, современото творештво и стремежот кон прогресивното.

Верувајќи во овие универзални духовни вредности, предлагам да се продолжи со процедурата за донесување на закон за употреба на македонскиот јазик. Со оглед на тоа дека во вчерашната дискусија беа ставени некои забелешки, беа поднесени и амандмани, предлагам овој закон да биде донесен во две фази.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници почитувани претставници на Владата.

Предлогот што е денес на дневен ред, значи предлогот за донесуваше на закон за македонскиот јазик, или пак како што стои во понатамошниот текст за заштита на литературниот македонски јазик, не е дефиниран на попрецизен начин и во насловот. Самиот наслов на предлог законот не е јасен и од таа призма навистина не се знае што се сака со донесувањето на овој закон. Доколку предлагачот сакал да предложи закон за службена употреба на македонскиот јазик, тоа ќе требаше јасно да го каже во самиот наслов. А доколку се работи за закон за македонскиот јазик, треба да наведеме дека законитоста на секој јазик, па и на македонскиот се состои во нејзината граматик. синтакса и другите јазични правила. Уште во почетокот упатно е да се каже дека предлагачот се повикува и на меѓународните акти, како што е ратификацијата на рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. Додека во предлогот, освен во македонскиот, не се заш-тнтуваат јазиците на националностите кои што живеат во РМ. Притоа треба да се присетиме дека со актуелниот устав на РМ сите граѓани во оваа држава имаат исти права, додека албанската националност зазема една третина од вкупната национална структура на населението во Републикава. Вака како што е поставен предлог законот се чини дека има примеси на демагогија, или пак сето ова е некаков си политички маркетинг, доста провиден по формата и методите на изведувањето. Во тој склоп се дава и некаков компаративен список на држави кои со законски прописи го регулирале прашањето на службената употреба на

јазиците, при што сметам дека предлагачот наметнува еден дискус околу заштитата околу заштитата, регулирањето и унапредувањето на македонскиот литературен јазик. Недвисмислено е дека предлагачот наоѓа уставна основа во член 7 став 1, од Уставот на РМ, а вој член и тој став го регулира службената употреба на јазикот но никако заштитата на македонскиот јазик. Предлагачот од нему познати причини на перфиден начин и со скриени намери, после ставот 1 од членот 7, не ги чита и ставовите 2 и 3 од Уставот, што наведува на дилеми во толкувањето на намерите, дали предлагачот сакал законот да биде против уставен или едноставно не го прочитал, или пак мисли дека јазиците на националностите во Република Македонија едноставно можат и да исчезнат, односно да се употребува без никаква јазична регулатива без заштита и со туѓи неологизми.

Сакам да потсетам пред некое време ова собрание донесе закон за кривична постапка, само еден пример, каде е предвидено и употреба на јазиците на националностите, не само преку преведувач или толкувачи, туку и преку спроведувањето на преводи на сите писмени докази и одлуки. Оттука сериозно произлегува прашањето дали тие одлуки преведени на јазикот на националностите треба да се лекторира како што ќе се лекторираат сите доказни материјали на македонски јазик. Да бидам поконкретен, ние како парламентарна група не сме задоволни со овој предлог на закон, затоа што не содржи квалитетни решенија, не е концизен и го фаворизира само македонскиот јазик, што не е во согласност со реалноста во РМ. Не треба да се убедувам дека со Законот за локална самоуправа и албанскиот јазик е службен јазик во општините каде што се во мнозинство и во значителен број. Оттука се наметнува и потребата за опофатеноста на јазиците на националностите во Македонија, па и албанскиот јазик. Покрај очигледната намера на

предлагачот да го заштити македонскиот јазик од странски зборови, има и други прикриени намери. Па затоа, побаравме и една средба со претставниците на предлагачот. Притоа, ги истакнавме нашите забелешки кон предлог законот. Дадовме нови предлози се во функција на подобрувањето на квалитетот и побаравме овој предлог на закон да се реализира во две фази што денеска истото министерство ги прифати. За да имаме тоа го баравме, затоа да имаме време кон него да му пријдеме сеопфатно и во детали и дури потоа да го донесеме, навистина да биде квалитетен и добар за сите граѓаните на Македонија, а не да фаворизира еден народ и еден јазик на штета на други народи и на други јазици.

Исто така, што за мене е неприфатливо пред нас вчера го добивме извештајот од Комисијата за култура каде се предлагаат амандмани за коренити и концептуални промени на законот. А што е уште полошо за таквите амандмани се согласи и претставникот на Владата во самата комисија. Меѓутоа, денеска веќе се променија работите оди во две фази и ќе имаме прилика за и ние да ги дадеме нашите предлози, нашите забелешки да се земат предвид од страна на предлагачот, па за на крајот во втората фаза, навистина да излеземе со еден квалитетен закон, кој нема да биде на штета на едниот или на другиот, каде сите ќе се најдат рамноправно. Толку, ви благодарам, сакав да бидам краток, бидејќи денес малку се променија работите и не сакав да се повторувам со моите колеги, кои искажаа многу работи пред мене.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Таири.

Г-дин Таири ја повлекува дискусијата.

За збор се јави г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги! Јас немаше да настапам доколку претходниот дискутант не се осврна на некои точки од своето излагање кои беа директно посочени кон Комисијата. Се сметам задолжен да ве известам бидејќи сум член на таа комисија за култура која работеше на текстот на законот и донесе решенија кои беа прифатени од Владата. И тоа не го сметам за ништо лошо, ниту уперено против никого. Ние како Комисија имаме право и тоа право го користиме да настојуваме да го унапредиме текстот а со тоа да придонесеме тој закон да биде што поконзистентен и да ги опфати сите работи кои треба да се опфатат со еден ваков закон. Според тоа, работата на Комисијата, нејзините амандмани кои се донесоа беа прифатени од Владата и тие би требало да бидат интегрален дел на текстот кој треба да се разгледува во II фаза. Според тоа Комисијата не работеше ниту против една партија, ниту против поединец туку само за подобрување на текстот на законот, а тоа беше подржано од Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Донесувањето на овој закон го сметам како едно наше чувство на однос на нас, спрема нас, спрема идните генерации и спрема сите дејци во јазичната и духовната свера на Република Македонија и прашање на кое што му обрнуваме внимание, многу значајно и за сегашноста на Република Македонија.

Уставната одредница за службената употреба на македонскиот јазик и неговото кирилично писмо е и епилог на политичката суверена волја на македонскиот народ, особено важно за неговиот опстанок и

особено важно за неговиот опстанок и развиток, поготово со прогласувањето на Република Македонија како суверен државен ентитет меѓународно признат како легален и легитимен. Затоа е неопходно и особен важно за неговиот опстанок и развиток, не само неговото негување и усовршување во сферата на креаторите на духовната култура во малата држава на духот, што ја сочинуваат интелектуалците, чуварите на духовниот орган да не згазне како духовно богатство на политичката заедница државата, туку и негово нормативно правно заштитување врз уставни основи, што има изворно историски и уставно правен континуитет во одлуките на АСНОМ од 2 август 1944 година. Јазикот е најголемото човеково достигнување и атрибут за разликување на човековата заедница од другите.

Со помош на јазикот и во рамките на зборовите, идиомите односно особеностите на јазикот, синтаксата, односно реченицата и нејзините составни делови учиме како да мислиме, како да чувствуваме како да расудуваме. Искуствата, мудростите на минатите генерации сочувани се со јазикот на вешт и траен начин. Низ јазикот и мртвите се во можност да учествуваат во образованието на живите и преобразба на човекот како биолошка индивидуа која е краткотрајна, привремена, но низ јазикот станува трајна и вечна личност.

Јазикот овозможува комуницирање на луѓето и користење на искуствата на еден народ, оспособувајќи ги луѓето да оформуваат трајна заедница, да создаваат и да ја пренесуваат нивната култура на генерациите. Затоа и во оваа прилика, актуелно е и од наша страна како Парламент да посветиме достоинствен однос спрема улогата и значењето на македонскиот народ за македонската држава.

Јазикот на македонскиот народ одреден е со неговата култура.

II/1.-ДВ/0М

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ: (**Продолжение)

Македонскиот јазик е огледало на културата на македонската нација. Тој е кристализираната мисла на македонскиот народ и индивидуа.

Точно е дека јазикот се креира и се моделира во духовната, културната и интелектуалната свера. Но неговата примена во јавната службената комуникација во Република Македонија како самостојна и суверена држава е должност на овој Парламент. Ова и поради следното:

Македонскиот јазик во јавната свера на комуникација на територијата на Република Македонија како суверена држава е атрибут преку кој се распознава државата , народот, нацијата. Јазикот е огледало преку кој се распознава македонскиот народ и нација како легален и легитимен творец на македонската држава, согласно меѓуанродните норми за атрибутите, што е тоа народ.

Второ територијата на државата, во конкретниот случај територијата на Република Македонија како суверена држава е и територија на македонскиот јазик во неговата јавна комуникација. Тоа значи дека територијата на државата и територијата на јавната употреба на македонскиот јазик се синоними. Тоа значи дека македонскиот јазик во јавната комуникација е атрибут на суверенитетот на државата Република Македонија како суверена држава. Од тука и потребата за неговата заштита во сите јавни области на вкупната територија на РМ, онака како што тоа и во Предлогот на законот се размислува во првата фаза на негова опсервација и размисла за донесување.

Кога се движиме низ Македонија, гледаме наслови на фирми, реклами, амблеми, индустриска сопственост, интелектуална сопственост

па мора човек да почувствува низ која држава се движи. Кога се движиме низ другите држави на Европската унија ние гледаме дека сите обележја се обележја на народот, на државата и врз тоа не можеме да идентифицираме низ која држава се движиме. Оттука неопходна е потребата надлежните министерства во сите области да средат една хаотична ситуација која дава лоша слика за државата.

Денес Парламентот мора да има доблест да ја регулира оваа суптилна културна свера, поготово што сеуште се присутни анти македонски тенденции, негации на македонскиот јазик, што не е случајно, што се вперени во негацијата на македонската нација, а Вие знаете дека народот е полифабрикат, а нацијата е синоним на државата, јазикот негов круна. Тука преку нашето чувство и доблест за правилна употреба на македонскиот јазик, почнувајќи тука од нас што сме тука и негова нега и богатство на изразот, ние ќе го изразиме и нашиот однос и нашето чувство спрема себе, спрема Парламентот како белег на политичка власт њ државата, спрема минатите, спрема идните генерации, преку бројните интелектуални дејци што се грижат за правилна употреба на македонскиот јазик и на кој треба да им заблагодариме. За нивното опстојување и за нивниот простум во одбраната на субјективитетот и суверенитет на македонскиот јазик.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Како и вчера навистина очекував конструктивни, научни и подготвени дискусии, па дури како што рече и еден од првите претставници, можеби ќе поминеше и незабележано овој многу важен закон, во основа, па дури подоцна се појавија за дискусија, иако тоа е на секого загарантирано право и луѓе кои со овој закон со лингвистиката па и со правото немаат никаква врска. Дури имаше и маркетинг како некој

забавувачи, а не она што би требало. Значи се избегнуваше од суштината, а во овој Парламент, колку што ми е познато, можеби мнозинството или мнозинство од било која професија се јазичари, лингвисти. Сам во мојата парламентарна група сега веќе од 6 члена, се очекува и седмиот, нормално, има четири лингвисти и тоа еден доктор по филолошки науки, јазичар, еден магистар на истите науки, третиот докторант и еден професор јазичар , а другите се занимаваат нешто и со пишување, со литература, па поврзани се многу и со јазикот. Меѓутоа, досега навистина немаше некоја дискусија со која можеме да се пофалиме, туку само игра на зборови, дали важи законот, дали не важи и т.н, па дури, што и давам за прв пат на Комисијата за култура едно признание. Знаете јас немам комплекси иако сум опозиција дека од тие забелешки и предлози, а посебно и амандманите кои беа предложени, направила многу и од тој закон во основа како и што е составен, да ни биде јасно де] навистина остана табулараза, скоро ништо. Затоа сепак треба да се поздрави предлогот што законот ќе се донесе во две фази, значи сепак ќе се преправи нешто како што треба.

Сега да видиме каде сме и како јас гледам на овој проблем, кога реков дека немаше такви конструктивни дискусии, научни, па да видиме што јас направив и од тоа може да се оцени дека нешто постигнав, иако времето ми беше многу кратко. Работев десет дена, а ми требаше скоро месец дена за едно научно обработување од разни аспекти, лингвистички, правни , филолошки, јазични, културни и т.н., па да видиме што сум направил јас.

Прво треба да се истакне дека овој законодавен дом доцни и тоа премногу, со донесувањето на овој колку важен, толку и краток законски проект кој може да се состави за еден неполн ден.

II/4.-

Подготвувањето на текотот во оваа свера, во прв ред спаѓа во надлежноста Министерството за наука. Во втор ред во надлежност на Министерството за образование и физичка култура и дури во трет ред на Министерството за култура, иако, не ќе беше погрешно да соработувале трите министерства на Владата , на владеачката партија. Додека кога се појавуваат како потписници и двајцата претставници и повереникот од последното министерство, изгледа нешто апсурдно, симптоматично, па ако сакате и препотентно, да не кажам и сомнително. Но што е тука е, па накратко да одиме со ред:

Почнувајќи од самиот наслов - Предлог за донесување на закон за македонскиот јазик , со Предлог на закон, сега веќе без тоа, не одговара на фактичката состојба, што се однесува до јазичната свера, бидејќи во Република Македонија иако прилично ограничено во службена употреба и спрема уставните, законските и меѓународните права и норми е и еден јазик на една голема популација, било тоа да опфатеше 30%, било тоа една третина од нејзините субјекти, или пак 22,9% спрема минимумот на службениот односно неточниот попис од 1994 година, како што е албанскиот јазик така и јазиците на другите национални колективитети кои живејат во Република Македонија. Поради овие причини и за да не предлагаме , потенцирам, и друг законски проект од оваа свера, поради ефикасноста, ангажирајќи се и понатаму против сепатаризмот и сепатарастичкото однесување и дејствување на наследникот на бившиот монистички систем, кога сега веќе јавното негува истото, меѓутоа сега во сопствена роља.

Насловот треба да гласи Предлог за донесување на закон за македонскиот и албанскиот јазик и писмо и јазикот и писмата на другите национални колетивитети , со Предлог на закон, сега веќе без тоа, или

II/5.-

уште посоодветио и пократко предлог за донесување закон за употреба на јазиците и писмата во Република Македонија, со Предлог закон сега веќе без тоа, за да се изгласа и конечно да гласи, закон за јазиците и писмата во РМ. Тоа е мој предлог, мое мислење. Тоа објективно ќе требаше да стои и да биде. Меѓутоа, за жал така не е , а по се изгледа и нема да биде. Така не е и по се изгледа како и досега и нема да биде затоа што не постои добра волја, не постои меѓусебно разбирање и толеранција, не постои неопходен консензус, туку напротив се злоупотребува привремено гласачката машинерија која преку мајоризацијата т.е. надгласувањето донесува закон и други правни акти во името на туѓо мнозинство на избирачи и граѓани кое порано или подоцна ќе се врати како не саниран бумеранг со непредвидени консеквенци, како што сум потенцирал и во друга прилика, новиот многу очекуван состав на Парламентот ќе ги ревидира во целина или во поголем дел. Дека сум потполно во право со овие сугестии, може да се потврди дури и со фактите и аргументите, не само трансформирани од соодветните меѓународно - уставно правни норми,какви такви, туку и со поединечните поранешни и сегашни законски одредби, без оглед на тоа што се многу по рестриктивни, па дури и во спротивност со првите и претходните.

Правните норми за самоуправната употреба на јазиците:

Прво рамноправноста на припадниците на разните национални колкетививитети, на нивните јазици и писма е санкционирано уште во фундаментот на сите меѓународни правни акти и конвенции како што е Повелбата на Обединетите нации и сличните кои како членка ги ратификуваше и Република Македонија.

Второ, уште по конкретно, употребата на јазиците и во некои меѓународни правни акти, како што се Европската конвенција за

културата донесена на 19.12.1954 година "Службен лист на СФРЈ", меѓународни договори број 4/87. Меѓународен пакт за економски социјални и културни права, донесен на 19.12.1996 година број 97/71 и Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, "Службен весник на РМ" број 11/97 година, за која расправавме во овој дом и дека во конкретниот случај треба да се импретира и применува по авансирано.

Трето, една десетина земји почнувајќи од Словенија и Хрватска кои со прописи го имаат регулира прашањето за службената употреба на јазикот и многу други кои тоа уште го немаат. Меѓутоа, во оние во кои живејат два и повеќе национални етникуми, како што се Швајцарија, Канада и т.н., сите јазици се потполно рамноправни во нивната службена употреба, што во конкретниот случај, во предлогот на конкретниот законски проект, за тоа ни збор.

Четврто, што се однесува до актуелниот Устав на РМ, иако уште во самата преамбула почнува дискриминаторски, сепак се спомнува дека, како што вели "се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со албанците, турците, власите, ромите и другите националности кои живејат во Република Македонија", дека "се гарантираат човековите права, граѓанските слободи: националната рамноправност". Додека што се однесува конкретно до рамноправност на јазиците, предлагачот уште во причините поради кој треба да се донесе законот започнува со, цитирам "во членот 7 став 1 од Уставот на РМ е утврдено дека во РМ службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо", иако не е правилно ниту рамноправно, точно е тоа дека е така утврдено. Меѓутоа, точно е и тоа дека веднаш потоа, токму во тој Устав следи и ставот 2 и 3 во кој исто така е утврдено и се вели " во единиците на локалната самоуправа во

кои како мнозинство, став 2 односно како значителен број став 3, живејат припадници на националностите, во службена употреба покрај македонскиот јазик и кирилското писмо се и јазикот и писмото на националностите, на начин утврден со закон", а веќе денес закони немаме ни предложено. Тоа предлагачот како да го"заборавил".

Предлагачот "го заборавил" членот 48 став 2 од 3 ставот на Република Македонија каде се вели " Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот и верскиот идентитет на националностите" .

Понатаму во членот 51 став 2 се вели " секој е должен да ги почитува Уставот и законите" и во членот 54 став 3 се вели" ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на јазик, вера, национално и социјално потекло, имотна или општествена положба".

Еве, како така, на тој начин е санкционирана рамноправноста и во сверата на јазиците , во уставните одредби. Меѓутоа, и овој законски проект е не само крајно рестриктивен и во однос на актуелниот Устав, дури на Република Македонија, врз основ на која се обидува да го предлага, туку е и чисто дискриминаторски и во потполна коалиција со самиот Устав, за кого , ако случајно се донесе од овој импониран законодавен дом , конечниот збор за согласност односно не согласност треба да го има највисоката инстанца за оценување, како што е Уставниот суд на Република Македонија, а над него исто така стои објективноста на Уставот, позади кој исто така стои на кормило , суверениот народ т.е. избирачите и граѓаните воопшто.

Пето, овој законски предлог е многу по рестриктивен и од некои закони од бившото социјалистичко уредување кои делумно се занимавале и со оваа материја.

II/8.-

Имено во Законот за процесната постапка од 1977 година "Службен лист на СФРЈ" број 427 во глава 6 "јазикот, постапката во членовите од 120 до 105 е санкционирана службената употреба и усмено и писмено на јазиците на народностите" да цитирам само дел од нив и тоа од членот 104 став 2 каде вели: "странките и другите учесници во постапката ги упатуваат до судот своите служби, жалби и други поднесоци на јазикот на народот или народноста , сега националноста, кој е во службена употреба во судот".

Шесто, слично е предвидено и во член 254 и 255 од Законот за вонрпцесната постапка, "Службен весник на СРМ" број 19/89 година.

**САЛИ РАМАДАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Седмо, во Законот за општа управна постапка, "Службен лист на СФРЈ" број 47/86 во првиот дел - Општи одредби, глава I, прво, основни начела под употреба на јазиците и писмата, член 15 став 1 стои: "Управната постапка се води на јазикот на народот и народноста на Југославија согласно со Уставот на СФРЈ, уставите на републиките и уставите на автономните покраини, со законите, со статутите на општините и самоуправните општи акти и со општи акти на самоуправните организации и заедници, во согласност со Статутот". Така беше тогаш, а сега,

Осмо, во Законот за органите на управата, "Службен весник на СРМ" број 40/90 под четврто - употреба на јазиците и писмо на народите и народностите на Југославија, во работата на органите на управата во членот 77 став 1 е санкционирано "во постапка пред органите на општината во согласност со закон и со статутот на општината припадниците на народностите, сега националностите, во остварувањето на своите права и должности имаат право на употреба на свој јазик и писмо", додека членот 229 став 1 од истиот Закон наложува и "одредбите на овој закон што се однесуваат на ... обезбедувањето на начелата на рамноправност на јазиците, писмото на народите и народностите, сега националностите, односите на органите на управата према Собранието и Владата... согласно се применуваат по судовите, јавните обвинителства, јавните правобранителства, судовите за прекршоци, казнено-поправните домови... Народната банка на Македонија и тн." така беше санкционирано тогаш, а сега?...

III/2.-

Деветто, сега посебно во овој состав на овој законодавен дом почна н најперфидната игра со параграфи изигравање дури и со уставните одредби што се однесува и до јазичната дискриминација на албанците и на другите национални колективитети. На пример, во Законот за локалната самоуправа "Службен весник број 52/95" под 14 - Службена употреба на јазиците во единиците на локалната самоуправа, во членовите 88, 89 и 90 се операционализира членот 7 став 2 и 3 од актуелниот Устав на Република Македонија, меѓутоа намес- то да се обработува и проширува во позитивна смисла врз фундаментот на основните начела на истиот, значи на Уставот и на меѓународните конвенции, правата на употребата на јазиците на националностите, сега албанската во прв ред се ограничуваат до толку, па дури самоволно се прецизира и за релативен број дури квотата од 20%.

Десетто, слично е и со рестриктивните во законите во основното образование, во членовите 81, 82, 83, 84 и 85 односно Законот за средно образование ("Службен весник на Република Македонија број 44/95) а уште порестриктивно во нивните изменувања и дополнувања ("Службен весник на Република Македонија" број 24/96) со членовите 1 до 5, односно 1 до 4 за кое не треба никаков коментар.

Единаестто, политичката игра продолжува и со други безброј закони и други правни акти, додека што се однесува до јазичната дискриминација во почетокот на оваа година, 1997 година свеж е примерот со пред, за и после аферата Законот на јазиците на кој се изведува наставата на Педагошкиот факултет1"Свети Климент Охридски" во Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 5/97), игра која е без преседан, бидејќи Владата го предлагаше ургентно, а на

ист начин го донесе мнозинството на владеачката партија на СДС во овој законодавен дом, без согласност и гласот на самите албанци на кои им беше и наметната оваа игра во вид на закон.

Дванаестто, слично е и во членот 452 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/96) и тн.

До сега и слично се очекува во иднина и од јазична сфера додека се наоѓа на власт оваа партија со нејзините сателити. Вака беше досега, а од сега тек ќе видиме.

Уште поконкретно во врска со Предлогот за донесување за- кон за македонскиот јазик, со Предлог на закон.

Под услов да се преземат во предвид моите забелешки и предлози и да се прифати нашиот поднесен заеднички амандман, значи во втората фаза со кој интервениравме за седум членови, расположен сум за уште поконкретни анализи на овој законски проект.

Имено, кога би бил заеднички закон за јазиците на сите национални колективитети кои живеат во Република Македонија, вклучувајќи го тука и албанскиот јазик кој исто така е тоа како загрозен, но ни во 1989 година Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура кога ја изготвил Информацијата за "Македонскиот литературен јазик во јавното комуницирање со Предлог - заклучоци", за кои тогашното Собрание на СРМ расправаше и ги усвои како што се наведува во причините никој официјално не водеше никаква сметка, било да е тоа и формално, како да не постоеше овој национален колективитет и тоа во значајна квота и албанскиот јазик кој во тогашните

уставни и законски одредби барем формално беше признат и во Македонија како службен и потполно потенциран, рамноправен јазик.

Исто така и состојбата ,на албанскиот јазик "перманентно се влошуваше и постојано се влошува под големо влијание на средините, местото, времето и другите прилики во кои живееме". Исто така и албанскиот јазик и неговото писмо е духовно "културно богатство од и тоа како...", моја забелешка, "посебно културно историско значење во прв ред и за албанците во Република Македонија", а досега не се воспоставени инструменти и механизми за правилната употреба, односно заштитата, збогатување и унапредување, иако врз основа на употреба со неколку писма од 1908 година Конгресот на првото албанско писмо во манастир Битола е основано денешното писмо, а подоцна со разните правописни консултации и конференции од 1952, 1958 година, па се до Конгресот на правописот на албанскиот јазик од 1982 година одржан во Тирана, на кој имаше претставници и од Македонија, меѓутоа научно е познато дека јазикот не е статичен. Тоа треба да го кажат јазичарите, не лингвистите, туку динамичен и со поминувањето на времето и тој е неопходно подложен на промени и еволутивност.

Да не ги пренесувам тука во целина, туку само накратко да потенцирам дека заштитата, унапредувањето и збогатувањето, т.е. стручноста и компетентноста во остварување на грижата за правилна употреба "обезбедување инструменти и механизми за остварување на правилната употреба, одговорноста на правните и физичките лица за правилната употреба...", односно основните начела, силите, компарари, ако може да се споредува, треба да се применуваат и во однос на албанскиот јазик и неговото писмо.

III/5.-

Исто така, повторно силните компарари сето тоа што е речено и во безпотребното прешироко образложение во кое по неколку пати се повторуваат многу наводи важи и за употребата на албанскиот јазик и неговото писмо со уште една сериозна напомена дека што се однесува до паричните казни од 10 илјади до 300 илјади денари правното лице, односно 1000 денари до 50 илјади денари за одговорното лице до правното лице, односно мерките на безбедност забрана на вршење дејност или должност од три месеци до една година, односно одземање предметите со кои е извршен прекршокот, кога случајно би се применувал во практичниот живот и од неупотребата, односно лошата употреба на македонскиот и на албанскиот литературен јазик и нивните писма, државната каса ќе беше со децении, па и векови преполна. Немаше да има сиромашни граѓани и невработени, додека штедачите на ТАТ и другите штедилници ќе беа многу брзо обештетени во целост и не само тоа како што се предлагаше, туку според договорите заедно со нивните камати. Меѓутоа, меѓу најлошите најлошо ќе поминеа министрите и пратениците, освен еден Со секојдневните највисоки парични казни за прекршок, додека со забраната за вршење на професија од шест месеци до една година, со одземање на секојдневните предмети не само што ќе немаше многу брзо овој законодавен дом потребен кворум, туку ќе останеше само со еден пратеник. Додека со одземањето предмети, сега и за тој пратеник да видиме, со кој е извршен прекршокот на министрите и пратениците ќе им се одземеше, односно ќе им се пресечеше устата, а тогаш можеби по малку ќе заборавеле, а повеќе, или по малку ќе зборувале, а повеќе ќе работеле. Ќе предлагале, односно изгласале добри закони за доброто на сите граѓани на Република Македонија. Меѓутоа, поради објективноста, малку автокритика.

И соговорникот, значи тој еден пратеник не би останал во овој Парламент затоа што и тој не е имун на овој законски проект, бидејќи и него го фаќа членот 5 став 1 точка 2 за пренагласена употреба на странски изрази, за кои ќе добиеше највисока казна, дури да беше предвидена доживотна робија. Овие предложени казни за прекршок и мерки на безбедност се парадоксални. Не е применливо во практиката, како и што беше сега донесениот во овој дом Закон за пушењето и тн. Додека во трговските друштва, установите и тн. од членот 4 ќе беше прав хаос како за употребата на македонскиот, а исто така и на албанскиот јазик и нивните писма.

За сето ова треба порационални размислувања, а сега веќе господа имате.

На крајот, предлагам да се преземат во обѕир моите предлози, забелешки за еден навистина, добар,модерен,адекватен и, да потенцирам, недискриминаторски закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министре и останати. Јас за жал во криза сум со време, имам една обврска и ќе ми дозволите телеграфски нешто што сакам да кажам да го изнесам, затоа што немам можност, на жалост порано е преземена обврска за поголема елаборација.

Лично мислам дека нас ни е потребен закон, односно правна норма, со која што ќе биде заштитата на правилна и литературна

употреба на јазиците во Републиката, сите јазици кои што се употребуваат јавно. На тоа ниво така како што е предвидено со интегралниот закон.

Од таа гледна точка јас ја поддржувам иницијативата и Предлогот за донесување на закон, а посебно го поздравувам ова што господинот Зафировски сега го кажа дека прифатиле и во Министерството, тоа значи и во Владата законот да се донесе во две фази. Јас сепак сметам дека е ова голема материја, односно материјал од таков тип кој што би бил и недоволно сериозно сфатен и пошироко ако беше донесен во еден здив. Од низа причини, јас реков немам време и не можам да ги образложувам сите причини, но во секој случај мислам дека со таков пристап му се дава сериозност на самата материја која што сака да се разрешува, а не се повредуваат целите кои што сакаат да се постигнат.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Второ што сакам да кажам е нешто што не е моја компетенција, но еве да го подвлечам. Мислам дека треба и ние да подвлечеме дека е потребно донесување на правна норма со која ќе се штити литературниот македонски јазик, кога мислам ние, мислам и ние албаниците и тоа од две причини. Првата причина е затоа што и во употребата на тој јазик има несериозност и злоупотреба внатре, но уште повеќе, а тоа е моја компетенција да кажам затоа што веќе има јавни и отворени напади и загрозеност на тој јазик од одредени надворешни фактори, ко! што со овој закон на некој начин треба да се потврди, не тоа што тоа е исконски јазик на еден народ и тоа никој не може да му го отуѓи, туку дека и ние сите заедно по вик на еден консензус преку оваа правна норма симболички сакаме да се заложиме за негова општа заштита и внатре и надвор. Мислам дека тоа ни е должност, како што е должност и на македонците да се заложат за сите оние кривотворства и недоличности кои што се однесуваат на сето албанско културно богатство, па и на албанскиот јазик и на другите јазици во Македонија од страна на одредени националистички и екстремни сили во редовите на македонскиот народ.

Мене ми е жал што сега во оваа ситуација во врска со бугарскиот однос и во врска со Академијата на науките на руската академија на науките на словенските јужни јазици не се појавија и надвор од македонската матрица критичари односно бранители на македонското наследство односно јазичната култура. Но ми е жал и зошто останаа македонците така не се јавија луѓе кои ќе се спротивстават на некои апсурдни тези за албанциазијати и азарбејџани кои што јавно се пишуваат во  нашиот печат.  Знаете, ова го кажувам и за да го потврдам дека со Законот сакам и јас да се заложам за одбрана на културното богатство и јазичната автохтоност на македонскиот јазик, но од друга

страна сакам да внесеме и обврска и од другата страна да се ангажираат креативните сили за одбрана на културните вредности на сите луѓе. Тоа мислам дека е вредност на овој закон, доколку во нашата свест овој ваков пристап за взаемна заштита на културните, јазичните, историските и сите други вредности биде нашата определба односно залагање.

Да завршам трето ми беше следното: Се работи за процедурална постапка. Мислам дека за овој закон, и за многу други, а за овој посебно уставен основ само членот 91 не може да биде бидејќи тој уставен основ за правото на Владата да донесе закони е процедурално прашање. Суштинско прашање каде се решава материјалната страна на оваа материја. Тоа се решава со членот 7 и без да се ослони овој закон и на член 7 мислам дека е недостаток во неговата уставна основа. Затоа таа е конкретна материја која во Уставот е дефинирана и фиксирана таква каква е. Затоа ја поздравив оваа идеа, таа да биде во две фази, затоа што очекувам овие сознанија, овие залагања што во оваа фаза сега ги стекнавме во оваа прва дискусија ќе ја предизвика потребата уставниот основ да се прошири, така како што велиме во член 7 и дека содржината од интенцијата и духот и словото од член 7 ќе биде внесена во еден дел на Законот, бидејќи тој едноставно ќе се коси со низа други правни норми исто така донесени, сеедно колку успешни или неуспешни, на пример Законот за локална самоуправа, неговите членови од"88 до 90 и тн. Затоа мислам во таа смисла треба да се подржи потребата за донесување и во оваа смисла проширување на неговата уставна основа и неговата содржина.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Господин претседателе, господин заменик министер, претставници на Владата, господа пратеници, пред да го кажам тоа што имам намера во врска со текстот и со начелата на законот, должен сум да

соопштам една информација која е предизвикана од една дезинформација. Кога веќе ги изговорив тие зборови, информација и дезинформација, јас веќе паѓам под удар на член 7 од овој закон на ист начин, како и господин Сали Рамадани, затоа што тие два збора се како што знаете од интернационално потекло, па би требало да кажам едно известување или едно лошо или неточно известување, меѓутоа, користејќи ја погодноста што овој закон сеуште не стапил во сила, јас ќе се служам со тие два збора информација и дезинформација. Имено, информацијата ја добив од д-р Димка Митрева, научен советник во Институтот за македонски јазик и таа во еден телефонски разговор синоќа ме извести дека овластено лице од Министерството за култура, станува збор за госпоѓа Олгица Трајковска, помошник на министерот за култура, пред три недели во една посебна емисија на Радио Скопје изјавила дека сум учествувал во подготовките на текстот од овој закон. Се разбира, тоа не е точно јас не сум учествувал во ниедна фаза и во ниедно својство во подготовките на овој текст, од една многу разбирлива причина. Сметам дека немам право тоа да го правам како пратеник, напротив, како пратеник во соработка со други пратеници би можел сам да предложам таков закон, но затоа пак не би смеел да си допуштам можност на индиректен начин да учествувам во работа врз таков проект, затоа што би се нашол во двојно својство. Од една страна како соработник на Владата, од друга страна кој пак истото тоа го разгледува, го оценува, предлага, критикува и така натаму. Двојното својство е забрането нели. Едното е егзекутива, трет странски збор, а другото е легислатива, четврт странски збор, среќа законот сеуште не стапил во сила.

Сега го молам господинот претставник на Владата и сите тие што имаат намера да го следат тоа што имам намера да го соопштам да го земат законот пред себе, затоа што ќе се служам со некои цитати, пети

странски збор, треба наводи на македонски од самиот закон. Молам да го најдат член 8, а член 8 од предложениот закон набројува надлежности на Републички совет за македонски јазик, кој се мисли на Советот, се предлага во член 7 ,како највисоко, цитирам, стручно и компетентно тело затворен цитат. Тоа највисоко стручно и компетентно тело ќе се грижи според Предлог-законот за правилната употреба на македонскиот јазик во јавниот живот.

Во третата алинеја во член 8 се вели дека тој совет, цитирам донесува програми за заштитата, унапредувањето и збогатувањето на македонскиот јазик, во сите области на службената комуникација, затворе цитат. Таа службена комуникација се споменува и во алинејата 10 на члне 5 каде што се дефинираат составки, елементи или единици на механизмот заштита, унапредување и збогатување на македонскиот јазик. Зошто се задржува на овие и вакви подробности од предложениот закон. Се задржувам на овие вакви подробности од предложениот закон, затоа што текстот на самиот предлог-закон е тој што на еден указателен на еден непосреден и на еден конкретен начин покажува дека навистина има потреба од закон за разговорниот јазик. Се послужив со една формула која не се користи во текстот на законот кој ни се предлага. Тоа формулата разговорен јазик. Таа формула е македонска адаптација на една друга што ја спроведуваат во употреба руските формалисти во 20-тите години на нашиот век. Нивната формула гласи разговорнија реч. Та формула, формулата разговорен јазик е обичаена за списите на нашиот голем лингвист Блаже Конески, а ми се чини и таква формула употребува и нашиот голем албански лингвист, прв човек на балканистиката Шабан Демирај. Би можела дури да послужи како добра замена за формулата цитирам јазик во службена комуникација, затворен цитат ако се следи стриктно логиката на алинеја 2 од член 5 која предлага, цитирам

избегнување на употреба на странски изрази и заемки, затворен цитат. Би можела да послужи како добра замена,затоа што зборот комуникација има своја македонска противвредност која гласи сообраќај и затоа што тој облик, под услов да не биде доволно погоден за тој контекст, може да се замени со друг, каков што е обликот општење, по што условно кажано хибридниот состав службена комуникација би ја добил во духот на Предлог-законот својата автентична верзија, службено општење.

Ќе се послужам со уште еден пример, за да покажам дека состојбата на текстот на законот што се предлага е таа што убаво, прегледно, непосредно и конкретно зборува за тоа дека навистина има потреба да се донесува закон од таков вид.

Член 7 од тој закон вели: цитирам Владата на Република Македонија по предлог на Министерството за образование и физичка култура, Министерството за наука и Министерството за култура, основа Републички совет за македонски јазик, како и стручно и компетентно тело, во натамошниот текст, Совет. Советот работи врз изнаоѓање форми и решенија за заштитата, збогатувањето и унапредувањето на македонскиот јазик, затворен цитат.

Сакам господа пратеници да го задржам вашето внимание врз изразот стручно и компетентно тело од една страна .и врз зборот форми од друга страна. Ако се следи логиката од член 5 алинеја 2 која за-поведа да се избегнуваат странски изрази и заемки ќе треба зборот компетентно во изразот стручно и компетентно тело да го замениме со меродавно, надлежно, способно или упатено. По што ќе се добие било стручно и меродавно, било стручно и надлежно, било стручно и способно било стручно и упатено тело. Според истата логика зборот форма ќе треба да се замени со зборот облик затоа што форма е латинска противвредност на старогрчкото морфе, а пак словенска, односно

македонска противвредност за морфе и форма е зборот облик. Врз основа на тоа а во согласност со заповедта од алинеја 2 на член 5, ќе треба да се рече дека Советот ќе работи врз изнаоѓање облици и решенија за заштита и така натаму и така натаму. И не само тоа алинејата која следува по она што предлага,цитирам, избегнување на употреба на странски зборови и заемки,а која содржи десет зборови со полно значење, користи три од странско потекло, а тоа се афирмација индивидуална и комуникација или 30% туѓ речнички материјал што не е некој мал процент, или таков процент кој би можел да се запоставува. Ми се чини дека тоа е доволно да каже дека овој закон завлегува во едно крајно чувствитра дека опфаќа крајно чувствителна материја и оти бара од нас крајно чувствителен и внимателен однос. Кога велам дека Законот завлегува во крајно чувствителна свера, пред се, мислам на следново: јазикот и говорот се навистина две различни работи, но затоа пак толку тесно сврзани што неможе да се замисли јазик без говор и обрат Луциен критериум за јазикот е критериумот колектив. Луциен критериум за говорот е критериумот единка или индивидуа што се вели во алинеја 3 од членот 5. Не може да се направи интервенција во јазикот, а да не се изрази тоа во говор или обратно. И не само тоа, говорот како израз на единка е по"својата природа полемички настроен кон јазикот кое од своја. страна е израз и секогаш израз на заедница односно на колекти Јазикот е тој што забранува, а пак говорот е тој што крши забрани, затоа што секое. систематско кршење на забрана ќе доврштува како стил. И по тоа прашање ќе се послужам со еден пример. За еден голем руски писател како Николај Васиљевиќ Гогољ се велело на времето дека имал лош стил затоа што како човек од неруско потекло не го познавал рус- киот јазик во оној степен во кој го познавале писателите од руско потекло. Со тек на времето стилот на Гогољ станал своевидна стилска норма и неговото писмо денес се чувствува како особена употреба на

рускиот јазик која се разликува од употребата на тој јазик кај Чехов на пример или од употребата кај еден друг великан на руската литература како што е Лав Николаевиќ Толстој. Тој пример покажува дека грешки или неправилната употреба и не де толку страшна и опасна работа, како што е вообичаено да се мисли и како што мисли и овој закон. И не само тоа. Примерот покажува дека говорот е тој што греши, а јазикот е тој што ги голта грешките и со тоа ги нормира со што ја гарантира динамиката, или кажано во духот на нашиот јазик постојниот и непрекинат развој на јазикот на даден колектив, работа што ја спомна и Сали Рамадак

Еве уште еден пример во врска со тоа. Верувам дека на сите ви е познато за зборот галиматијас кој се среќава во сите јазици и кој означува збрка или збркано искажување. Со ваша дозвола ќе потсетам де тој збор потекнува од еден славен судски процес во кој адвокатот го кажува дека на некој си Матеа му го украле петелот кој на латински се вика галос. Во својата одбрана тој адвокат често ги менувал местата на зборовите Матијас и Галос. Еднаш велел Матијас Галос, друг пат Галос Матијас, потоа Матија Галос, пак Галос Матијас, од што не можеле да се разбере дали петелот Галос му припаѓал на тој Матијас, или пак Матијас бил тој, што му припаѓал на тој славен петел Галос .Од тоа врег останало да се употребува изразот дали Матијас, за секое збркано, нејасно и неразбирливо искажување. Јас молам овој пример да не се свати така што јас сакам на индиректен начин да кажам дека и самиот текст на предложениот закон од кој наведов некои противречности е толку збркан што може да се прими како Галиматијас. Овој пример молам да се свати како мал доказ за тоа дека во природата на говорот облик на остварен јазик е да греши, а пак по природата на јазикот како неостварен говор односно систем е да се бори против грешките. Најчесто таа борба меѓу употребата еднакво на говор и системот еднакво на јазик се решава така

што грешката се усвојува, односно се нормира, односно се канонизира како што стручно се вели тоа. Ако веќе кажав дека текстот на предложениот закон е тој што на убав прегледен и директен начин зборува за тоа дека има потреба од тело кое ќе се грижи за чистотата на јазикот во јавна употреба, потребно е да додадам дека тој текст, онака како што е составен му дава необично големи, необично важни и необично одговорни овластувања на тоа тело. Тие овластувања се според мене дури и поголеми од овластувањата што ги има Македонската академија со соодветното одделение, македонскиот универзитет со соодветната единица на која се изучува македонскиот јазик, како и Институтот за македонски јазик.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:** (продолжение)

Ако веќе има потреба од такво тело со такви овластувања, со што се согласувам, има потреба да ја формулирам и индиректната порака на таа потреба. Индиректната порака гласи: сите тие високи компетентни институции, судејќи по се, не се доволни или пак не се доволно ефикасни за да го дадат својот важен придонес за правилната употреба на нашиот јазик во јавниот живот.

Со тоа сакам да кажам дека би било далеку подобро од кога на пример, како што се прави тоа во многу земји во светот, при некои од тие институции да постои тело што би давало годишни, меродавни соопштенија за тоа кои странски зборови или заемски се легализираат како нормални за употреба, затоа што се во духот на јазикот, а кои се оценуваат како спротивни на тој дух.

Бидејќи тоа до сега не се правело, бидејќи и сега не се прави, јас ја разбирам загриженоста на Владата и нејзиниот напор да стори нешто во тој поглед, веќе според практиката на други земји што се наведуваат во образложението на законот. Не само што ја разбирам, туку и ја поддржувам при се што сум свесен дека таа на тој начин, како политички орган, си зема на себеси поголема стручна одговорност од одговорноста што ја имаат оние институции што веќе ги спомнав.

Изгледа, меѓутоа, работите се дојдени до таа точка што мора да се стори тоа што таа решила да го стори. По тоа прашање веќе зборуваше г-ѓа Илинка Митрева. Таа укажа на моментот внатрешна и надворешна агресија врз нашиот јазик. На таа агресија можеби треба да се одговара и на овој начин, ако веќе не се одговора на друг, ефикасен и делотворен начин, што е работа и задача на стручни установи, а не на Владата, а не на Парламентот.

V/2.-

Тоа што мене ме загрижува во и со овој закон се овластуваат. било на Советот за јазик било на лекторите за кои ќе се издава лиценци и тоа од страна на тој Совет, а кои, како и секои големи овластувања носат и големи одговорности.

Нема,исто така да се задржувам, подробно и на самите овластувања. Ќе го искажам, единствено својот личен впечаток или, подобро, личниот став по однос на овластувањата што произлегуваат од овој закон.

Мој став е дека тоа што се замислува како надлежност на членовите на тој совет, како и тоа што се замислува тие да го бараат како степен на знаење од идните лектори лесно може да ги претвори во своевидна безмилосна и самоволна јазична полиција, како што сликовито се изрази вчера еден до говорниците. Овластувањата се, според мене, премногу крупни, премногу специјални и премногу специјалистички. Кратко речено, членовите на тој Совет ќе добијат на еден индиректен начин титула на енкциклопедиски духови или енциклопедисти кои, меѓутоа сеуште не докажале дека се енциклопедисти духови или енциклопедисти, затоа што едноставно не напишале и не публикувале некоја енциклопедија. Освен тоа, тие енциклопедисти ќе бидат платени, што фрла мал сенка на сомневање кон иницијаторите. Тие, по секоја веројатност постојат. Таа сенка на сомневање допушта да се мисли дека нивните побуди не се чисто духовни и возвишени, туку во една, макар и најмал мера, материјални и житејски.

Веќе,според општопознатата логика што не учи дека крушата паѓа под круша, дека круши јаде оној што седи под круша, лесно може да се случи овој закон да произведе една своеаидна повластена каста и таа каста ќе биде кастата лектори кои ќе бидат најповластени во споредба со сите дипломирани филолози во Републиката Македонија.

V/3.-

И, не само тоа, замаслениот совет како генератор на таа лекторска каста што ќе добива специјални лиценци, на индиректен начин ќе валоризира универзитетски дипломи, што мене ми се чини спорно како практика, затоа што таквата практика е во надлежност на соодветни институции а не на некое тело, макар било составено од најголемите стручњаци за јазик кај нас.

Покрај тоа, таа новоустановена и ракоположена лекторска каста, онака како што ја замислува законот, лесно може да ги приграби сите јазички клучови па да каже - јазикот, тоа сме ние, по углед на еден стар европски цар кој кажа дека "Државата, тоа сум јас" .

Ќе завршам со тоа што ќе кажам дека има доволно аргументи да се донесува закон од оваков вид, со оглед на состојбата во која се наоѓаме, со оглед на тоа како ни работат некои надлежни установи по тие прашања, а работат така како што работат. Ќе кажам дури дека е тоа закон што го наложува самата практика. Дека тој, евентуално, ќе направи нешто да се подобри таа практика. Тоа нешто не може да биде многу, а пак опасностите да се деградира основната замисла се исто така многу и уште тие се и многу реални. Генератори на таа практика се моќни, тие бараат крупни структурни промени во крупни стручни установи за кои реков нешто, а кои што не се и не можат да бидат предмет на оваа расправа и во овој момент.

Пред да завршам нека ми биде допуштено уште да изразам надеж дека овој Закон за правилна употреба на македонскиот јазик во јавното општење, употребувам општење место комуникација, во согласност со алинејата што бара изоставање странски изрази и заемки и со тоа веќе давам јавен доказ дека јавно ја спроведувам таа алинеја, нема да се претвори во закон за правилна злоупотреба на македонскиот јазик во јавното општење. Таква надеж изразувам затоа што е таква судбината

на многу закони и на многу законски проекти. Да се надеваме дека таква судбина нема да доживее овој проект. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Господине претседателе, дами и господа, почитувани пратеници и претставници на Владата,

Пред нас имаме еден необемен предлог за донесување на закон за македонскиот јазик. Тоа, не би рекол дека е во прашање и вака несложен закон иако по форма е краток. Ќе се обидам да го образложам тоа и едновремено сакам да ги наведам моите сугестии, забелешки и насоки по однос на Предлогот за донесување на законот за македонски јазик со Предлог на закон.

Познато е дека јазикот односно јазиците воопшто претставуваат, духовно, културно богатство и историско наследство, едновремно и национално обележје на нацијата. Заради тоа и потребата да се заштитува, унапредува и богатува јазикот, бидејќи нема култура и идентитет на еден народ без јазик. Од сето тоа произлегува и потребата за обезбедување на инструменти и механизми за да се заштитува јазикот.

Потребата за современ литературен јазик е основна духовна потреба за народите воопшто и за индивидуата посебно. Ова средство за соопштување на мислите, чувствата и идеите е духовна потреба не само на луѓето аз кои јазикот е мајчин јазик,^туку и за секој човек кој сака да се збогатува со културната ризница на другиот народ.

V/5.-

Како духовно, културно н историско наследство, богатството, јазиците воопшто, па и македонскиот јазик, створен од самиот народ и како таков се идентификува со литературниот јазик, што претставува повисок квалитативен степен во споредба со народниот јазик. Грижата за употребата на македонскиот јазик преку радиото, телевизијата, печатот и другите средства за масовна комуникација е потребата за општествена индивидуална грижа, за битието и природата на македонскиот јазик.

Овој Предлог за донесување закон се наведуваат разни форми за унапредување на македонскиот јазик, како што се: организирање курсеви, семинари, советувања, издавање публикации и сл. Тие форми во секојдневниот живот,а и сега се практикуваат. Меѓутоа, централно место во Предлогот зазема лекторот. Јазикот го негуваат институциите научни, уметнички, културни, универзитетите, академиите на науки, литературните творци,јазичните научници. Едновремено тие го унапредуваат и го збогатуваат јазикот, македонскиот јазик па и секој јазик посебно.

Проблемите на јазикот се многу појасни за јазичарите и институциите што професионално се занимаваат со таа дејност, за разлика од нас пратениците, со исклучок, кои аматерски се бавиме со проблемите на јазикот.

Потребата за јазикот е длабока духовна и битна потреба. Т.е. културна потреба. Мотивот за тоа е многу посилен и посложен отколку што се содржи во овој предлог односно некои членови и параграфи, како што е членот 11 според кој нелекториран текст, за нелекториран текст правното лице ќе се казни од 10 до 300 илјади денари.

Јазикот е живо битие, жива материја подложан на дијалектичкиот закон на Хераклит "панта реи"па и употребата на еден поим, збор, јазична категорија или израз во една или пак во друга форма

претставува многу релативна работа, затоа што и во народното творештво постојат формули, фразологии, синтагми што ги надминуваат тие за кои сме ние расположени да ги употребуваме во секојдневниот живот. Лекторот, според мене, како што предвидува предлогот ќе биде техничко лице и како таков не може да го заменува јазичарот, односно научникот.

Доколку се применува членот 11 па и некои други параграфи според кои сме должни да ги респектираме, а ние сме должни вака да се респектира интонацијата, акцентот, природата на јазикот, незнам ние пратениците до која мерка сме подготвени тие особености на јазикот да ги употребуваме како што треба и на стручен начин. И, доколку и ние пратениците подлегнуваме на такви критериуми, незнам колку ќе бидеме заслужни да се јавуваме на оваа трибина и со голема компетентност да зборуваме за јазикот и јазичните начела.

Кога сум тука, сакам да потенцирам дека кога се зборува за лекторот, тука се крие и еден друг ризик како што нагласија и другите претходници. Затоа што лекторот, постои опасност тој да се издигне над сите други стручни институции и стручни лица кои професионално се занимаваат со оваа дејност. Па дури и да се тие постават над институциите што се бават со проучување на јазикот, литературата, дури и над највисоката институција како што е Академија на науките.

Кога сме тука, сакам да потенцирам и еден друг ризик што во конкретниов случај може да претставува опасност за јазикот. Тоа е ризикот од проблемот што може да се оди во една друга крајност, а таа крајност е таканаречениот феномен во јазикот поризмот. Јазикот треба да се чисти од непотребните изрази, поими и туѓи кат гории. Меѓутоа,во денешново време, во современиот свет,кога секој ден никнуваат нови поими од новата терминологија, техника, компјутеристика и современите движења во светот, јазикот не може да се чисти од  секој поим, од секоја

туѓа категорија, затоа што може да се оди во друга крајност. Познато е дека крајностите се соединуваат. Така што значи н овој феномен претставува еден ризик за секој јазик, па и за македонскиот јазик.

Јас незнам зошто предлагачот предлага еден делумен, едностран предлог за донесување на закон и зошто не покажува интерес со помошта на овој закон да се заштитуваат и јазиците на националностите во Република Македонија. А, особено кога се знае дека Албанците па и другите националности немаат научни, уметнички, културни и други институции. Во Македонија знаеме дека постојат научни, културни и други институции на македонски јазик каде Албанците и другите националности се симболично претставени или пак никако не се застапени. Од тоа и потребата во овој предлог да се најде некој член или параграф каде што ќе се вклучат и јазиците на народностите, односно и албанскиот јазик, затоа што и овој јазик има потреба да се чува, да се негува, да се унапредува, а посебно кога знаеме дека не постојат соодветни институции за проучување и студирање на овој јазик па и другите јазици.

Незнам, со какво право предлагачот наведува на страница 2 од Образложението дека:

"Овој предлог не ги тангира правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на РМ, меѓу кои особено правото на слободно творештво, развивање на културниот, јазичниот и верскиот идентитет, како и на употребата на јазиците на националностите".

Јас не најдов на ниту едно место, во ниту еден член, ниту пак на еден параграф каде е наведено односно не е наведено дека во склопот на овој закон влегуваат и јазиците на националностите.

V/8.-

Знаеме дека со појава на нациите во буржоаското општество општата тенденција беше онаа позната тријада во социологијата па и во социологија на јазикот, односно тенденцијата да се создава под еден јазик и една нација и една држава.

**РАМИ ТУДА:** (продолжение)

Оваа тенденција денес во мултинационално, мултикултурно и мултиконфеционално општество како што е Македонија, според мене, држи еден ризик.

Парламентарната група на Демократски просперитет на Албанците не е против овој закон и тие начела кои се предвидени. Меѓутоа, ние имаме наши забелешки во однос на тоа што овој закон не треба да биде еднострaн, не треба да биде парцијален како и други закони кои се донесени досега, туку е неопходно јазиците на националностите да бидат во рамките на овој предлог.

Доколку се гласа вака како што е овој закон, секако ќе биде против уставен, ќе биде еднострaн и парцијален.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојановски Томислав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, се вели јазикот коски нема, ама коски крши. Ќе почнам, се разбира со она што го дискутиравме и на Комисијата за култура дека се работи за една очигледна потреба. Дури, можеби е 12,05 часот за донесување на еден ваков закон и добро е што компетенциите на овој закон ги презема Министерството за култура, иако во овој закон се инкорпорирани, дури се фундамент образованието, науката и другите дејности. ;

Мислам дека непродуктивно се обидуваат некои колеги во расправата да го оспорат овој Предлог закон и неговите цели со

давањето паралелни размислувања дека во овој закон треба да биде вградено се и сешто, и она што значи јазик на сите други кои живеат во оваа држава.

Не знам зошто не се чита овој Предлог закон внимателно, па се извлекуваат некои членови од Уставот кои исто така не се дискутабилни и ќе ве потсетам, ќе морам да го прочитам членот 7 кој го цитираме на секоја седница, кој што е основ бидејќи е прв тука во овој закон дека со Уставот на Република Македонија е утврдено дека во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Оваа одредба од Уставот е темелна одредба на која понатаму овој закон нормално се гради, надоградува и финализира. Јас верувам и се надевам дека донесувањето на овој закон точно во некое време, веројатно многу блиску ќе го регулира на сличен начин и она што значи употреба на јазиците на националностите во државата. Меѓутоа, не може сето тоа да биде една целина затоа што се работи за службен јазик, се работи за службена употреба и затоа неслучајно предлагачот во многу свои формулации е многу еластичен, многу компромисен, а би рекол дека е многу практичен за да се елиминираат многуте критики од колеги, дури и професионалци кои на тој план прават забелешки. Законот не вели дека употребата на странските изрази ќе се казнува. Во член 5 вели: "Да се одбегнува употреба". Има огромна разлика. Ние сега ќе се сведеме на тоа да изнајдуваме нешто што го нема или свесно да осиромашуваме еден јазик кој што се унапредува над 50 години во сите степени на образование, а да не зборуваме дека нашите родители и оние повозрасните, на овој јазик зборувавме и зборуваа и пред 1941 и 1945 година кога имавме официјална одлука за она што значи

македонски јазик, кирилско писмо и така натаму.

Советот што се предлага да се формира, како што колегата Вангелов го нарече каста, мислам дека не е ништо страшно, освен ако оваа каста не кастри, а верувам дека нема такви ингеренции и верувам дека не е целта сите ние да бидеме казнети, затоа што овој Предлог на закон мора да се чита дека во него се содржани неколку нивоа на употреба, негова заштита, негово унапредување, збогатување, заштита. Значи, тука се во прашање многу сегменти и многу моменти.

Она што во овој закон за прв пат се обидува - без оглед на Законот донесен 1989 година - да регулира официјална употреба, затоа што во ниеден негов сегмент овој закон не навлегува, не ги дерагира, не ги девалвира ингеренциите на употребата на јазиците на националностите во членот 7 и се она што го дава како право Законот за локална самоуправа. Според тоа, објективно треба да се очекува дека многу брзо сето тоа ќе биде комплетирано, за да добиеме една компатибилна комуникација, што значат сите овие сфери на официјална комуникација и употреба.

Јас имам едно размислување кое сакам да го апострофирам. Во овој закон сигурно дека во основа амбициите се дека македонскиот јазик се познава солидно, заслужува секој граѓанин во оваа држава преодна оценка по државниот македонски јазик - поаѓа од тие основи за да понатаму може да се бараат сите овие работи кои ги набележавме од заштита до унапредување итн.

VI/4.-

Мојата забелешка е, ако веќе е официјален став дека овој закон ќе оди во две фази, ако е така , би била дека многу малку се набележани или се искажани ингеренциите и обврските во основното и средното образование , како основа за да може македонскиот јазик да има правилна примена и употреба. Ако кон ова го додадам фактот дека еден од условите за стекнување на државјанство на оваа држава е полагање, за оние што не го познаваат, полагање испит по македонски јазик за да се стекне право на државјанство во оваа држава, мислам дека овој закон мора, без оглед на неговите амбиции за она што значи високо ниво на негова примена, мора да поведе сметка што ни се случува во овие степени на образование. Ни се случува намалување на фондот на македонски јазик во прво и второ одделение, особено што трагично се одразува на изучувањето на македонскиот јазик на оние ученици на кои македонскиот јазик не им е мајчин јазик. Меѓутоа, мораме да направиме една дистинкција дека ова е државен јазик за сите кои живеат во оваа држава и нема оправдување непознавањето на овој закон. Познавањето на македонскиот јазик е само предност, само можност сите субјекти понатаму со неговото користење и неговата правилна примена нормално и да авансираат во сите сфери на она што значи општествени текови и општествен живот.

Ќе укажам на една горчлива вистина дека е трагично сега во ова време на комуникации на медиуми на прагот на третиот милениум повозрасните генерации од националностите посолидно и поквалитетно да го владеат македонскиот јазик отколку помладите генерации. Мислам дека во овој закон мора да се изнајде начин и модус практично ова

нешто да биде реализирано таму каде што е основата на изучувањето. Ние можеме да донесеме прекрасен закон во негова висока фаза на примена и финализација, ако не добиеме соодветни реализатори на овој закон, ако ние не обезбедиме соодветно ниво на познавањето на овој закон, мислам дека во основа целта ќе биде промашена.

За компетенциите на Советот многу дискутанти зборуваа. Предлагам во членот 8 таксативно да се набележат и сите оние алинеи содржани во членот 5 за да нема недоразбирања, бидејќи во членот 8 стои дека "особено ќе се грижи Советот". Мислам дека "особено" не е доволно, треба да биде ставено се она што го предвидува членот 5, а особено она што стои во овој член.

Прашањето на лектори, полагања, лекторати и слично, да го оставиме во следната фаза, сите оние институции компетентни и задолжени за оваа сфера, многу чувствителна, многу одговорна, да се произнесат за да понатаму може овој закон да има и своја конкретна примена.

Инаку, држат забелешките и размислувањата дали овој Совет сега ќе биде некој застрашувачки совет или треба точно да се сфати како Совет во вистинската смисла на зборот, советодавен орган. Основа на Советот е да советува, да упатува, да укажува и сметам дека најмалку ќе бидеме задоволни ако Советот казнува. Меѓутоа, ако овој закон регулира примена и употреба во она што е наше секојдневие, во она што е наше опкружување, во она што е улица, она што се продавници, трговски друштва, тука најмалку имаме потреба да размислуваме дека овој закон не треба и не е применлив. Таму треба да биде првата негова примена за да може потоа нормално и науката да го даде својот збор. Што е тоа

што треба да го одбегнуваме како странски збор со превод за негова соодветна алтернатива или замена што би била прифатлива и која би се базирала сепак изворно на нешто што е автохтоно, историско и културно наследство на оваа држава. Овој закон доаѓа особено во еден момент кога повторно се ангажирани сите оние кои веќе не можат да се помират со тоа дека постои самостојна држава РМ, во која службен и државен јазик е македонскиот јазик и кирилското писмо. И овој закон треба да биде поттик во оваа фаза да ја возбуди совеста на сите оние институции во државата, на сите оние субјекти кои се и повикани и задолжени, а на крајот на краиштата кои живеат од она што значи потесна животна определба и професија.

Давам поддршка на овој закон со сите оние сугестии и се разбира прилози на врвната наука и компетентни институции за негово подобрување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Благој Стефановски.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Министерството за култура, почитувани пратеници, би сакал да дадам некој друг тон на сето ова што денес го разговараме, и од таа гледна точка на седницата на Комисијата за култура ги поканив сите компетентни луѓе и сум изненаден дека веќе на неколку седници доаѓа пратеникот Томислав Стојановски, кој се интересира и сака да учествува во работата на

Комисијата за култура, бидејќи и таа ја сметам како и самото Министерство за нешто надпартиско, нешто што е духовно богатство на оваа земја која што треба да ги штити интересите на овој народ кој живее тука. Оттаму, поканата важи за сите пратеници кои сакаат да учествуваат во тоа и ете покомпетентно да ги донесуваме тие одлуки што ги донесуваме на таа Комисија.

Бидејќи јазикот е жива материја, ние направивме и измена на насловот "Употреба на јазикот" бидејќи тој се надградува, заштитува и унапредува. Ако тоа не се прави, тој јазик ќе биде подложен на изумирање, како што впрочем во историјата многу јазици исчезнале, изумреле. Ако е случајот како и македонскиот јазик кој што е млад и уште се зборува на едно тесно јазично подрачје и уште повеќе го зборуваат околу 3 милиони Македонци, од кои 1,5 милиони - извинете на неточностите - во РМ, се поставува прашањето литературниот јазик кој и каде ќе го заштитува ако не и овде. Од таму , ние повикавме да се стави дека тоа е и службен јазик, она што го пишува во Уставот на РМ. Немавме никакви други темни, задни намери некого да навредиме, апсолутно Напротив, респектираме. Меѓутоа, знаеме дека некои поголеми држави со поголемо јазично подрачје како што е Полска која има 40 милиони го заштитува својот јазик од напливот на светските јазици, од напливот на опкружувањето, иако во самата Полска живеат и други народности, националности. Овој закон не е на штета на другите. Напротив, јас тоа го респектирам и знаете, во нашата сфера која најдиректно е изложена, сферата на театарот, кога се зборува на друг јазик, прво, уметничката креација е подложна на некој лимит. Од таму на

Факултетот за драмски уметности им^ и албанска класа и турска класа. Знам по тоа што во историјата на театарот и моите родители, дедо, стрико и татко биле актери и во Српскиот театар и во Бугарскиот театар, меѓутоа, со мали ролји. Еден наш врвен актер, кога се поделија републиките во нашата некогаш заедничка татковина Југославија, само после месец дена доделена му беше на познатите Дубровнички летни игри главната улога на Хамлет веднаш беше заменет почитуваниот Ненад Стојановски со актер од Хрватска заради заштита на јазикот во тој момент. Кога се осети загрозеност на јазикот се реагира. Ние сме доведени во оваа фаза дека касниме, загрозен е литературниот македонски јазик. Видете , третата генерација во Австралија, Америка не го говори тој јазик, говори еден од светските јазици, не го знае. Во Македонија е загрозен од сите напливи, на што ни личи нашиот, ако сакате и од оваа говорница. И тој повеќе се однесува на Македонците, јас го кажав и на Комисијата, литературно подобро зборуваат Албанците и другите. Значи ние го штитиме јазикот и од нас самите Македонци. Ние не сакавме како Комисија да продаваме политика.

VII/1 СП/ПН

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:** (Продолжение)

Ние сакавме да го заштитиме својот јазик . Јас по професија актер не можам да бидам актер врвен или ваков каков што се сметам или моите колеги ако не говорам на македонски јазик. Сфатете го тоа од мој аспект. Јас немам фобија кон другите јазици, меѓутоа , немам ни некаква посебна љубов да можам тоа да го правам и не можам . Можеби сум неколку пати и нејасен, Шекспир најдобро го говорел Лоренс Оливие, делата на Чехов најдобро ги говореле Лебедев прзнатиот руски актер на руските театри. Таа душа можат само тие актери кои се неопходни за некои од тие текстови е неопходно да се познава добро, значи длабината, она што почитуваните лингвисти и од партијата ПДП-А кои ги респектирам и тие најдобро знаат дека македонскиот јазик е загрозен. Професијата е многу значајна, јас почитувам и пратеници кои професионално говорат за сите теми. Тоа е професија. Јас не се сфаќам по професија пратеник. Знаете често земам учество само во доменот на културата и нешто што се однесува на мојот град, интимно сум врзан и како таков сум дојден во ова Собрание, не се обраќам како професија политичар, меѓутоа, во ова сала се потребни такви, луѓе кои по професија се политичари. Тие му даваат тон на сите овие закони, бидејќи стилот и дикцијата на овој закон им припаѓа и на правниците и на луѓето кои се политичари и изготвувачите и јазичарите. Тоа како комисија го респектиравме. Ги повикавме сите значајни кои љубеа да дојдат. Не знам зошто од највисоките тела од МАНУ немаше; учество, имало индивидуално не како претставник од таа институција и во Министерството и на Комисијата, а беа поканети. Од таму недвојбено е мислењето дека можеби трпеше во две фази, меѓутоа, од загрозеноста на тој јазик сега е 12,05 не треба отстапки,

ние го прифативме на Комисијата, таа заложба, меѓутоа, бидејќи сега Министерството за култура тоа го прави во интерес на подобрување, се согласувам, нема потреба, не сме ние тие кои круто стоевме таму на Комисијата, па сега направивме некаква политика и сакавме вам да ви подметнеме нешто. Не е точно. Во интерес на вистината тоа не е точно.

Да скратам, има многу нешта кои сега можам да ги кажам како информации дека во овие 40-50 години веќе трет пат е пред вратите на ова Собрание мислам во континуитет 'и на луѓето кои беа кои доаѓаа во овие клучни и во просториите на Народна Република и како следуваше, не влезе во собраниска процедура, а од кои и какви причини, можеме да разговараме, сигурно не од најдобри намери.

Значи, овој закон треба да го симнеме, да го разголиме, од некаква политика и да го прифатиме како заштита на литературниот јазик на еден мал народ, кој се плаши од изумирање на тој јазик. Ако сакате лично од мој аспект изумирање и на мојата професија. Тешко ќе говорам на други јазици и ќе се занимавам со оваа професија.

Би дал еден предлог ако сакате и во името на Комисијата само не ги консултирав другите, меѓутоа, мислам дека тие ќе се согласат со мене најдоцна за еден месец, да влезе во заклучоците, втората фаза да дојде пред пратениците. Ако тоа се оддолжи мислам дека ќе настане некакво минирање и некакво тивко отворање на вратите да излезе од Собранието и да се вклучи во интерес на граѓаните на РМ сигурно најповеќе за Македонците кои го зборуваат.

Ете, се извинувам ако со оваа дискусија некого навредив, немаше потреба, Комисијата за култура овие амандмани, појаснувања,

ги даде се со цел да го подобри законот, а не да му наштети на некоја од националностите и на некои поединци кои поинаку размислувале. Ги респектирам лингвистите од другата страна, се согласувам со многу такви работи, секој треба да се штити. Меѓутоа, ете уште едно појаснување од таа страна. Видете, Албанија го штити литературниот јазик., Турција го штити, тие се големи јазични подрачја, велам поголеми од нашето и сигурно ќе можат подобро да го заштитат. Ве молам, во ова ако кажете доблест ние сме едно мало јазично подрачје тоа е хендикеп, ве молам од таа страна да го растовариме овој закон од политика и сите понатаму кои ќе доаѓаат од културата да ги подигнеме на повисоко ниво и од таа страна можеби треба повеќе да учествуваме сите, ако тука од оваа говорница си ставаме некакви, го ставаме во вид на нешта кое сакаме да му кажеме на својот електорат или на некои поединци колку сме добри Македонци, колку сме големи Македонци, колку се големи Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, да не заборавам некого. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, иако во салата нема доволен број пратеници, сепак ќе бидам расположен да кажам неколку збора во врска со овој Предлог закон.

Имено, ме поттикнаа последните тројца дискутанти, а посебно професорот кој, како што знам, е професор на Филолошкиот

факултет во врска со предложениот закон и во врска со некои обиди дека со донесувањето на законот ќе се решат сите проблеми што^се однесуваат во врска со нормирањето на македонскиот јазик и литература. Напротив, јас мислам дека со донесувањето на законот со нормирањето само во законска форма многу малку ќе можеме да придонесеме за да ги ставиме тие рамки каде ќе можат сите луѓе без оглед кои се да го зборуваат македонскиот јазик како што треба. Но, веројатно за оваа точка мислам дека е потребно да се кажат неколку збора и од друг аспект, тоа се однесува од аспект на науката која им припаѓа на научниците и на луѓето што се компетентни за таа сфера.

Во принцип мислам дека не е лошо да се донесе овој закон, од каде ќе се заштити до некаде општиот углед на јазикот кој како што го толкуваат научниците, се знае тоа е културно и духовно богатство кое на луѓето им служи за комуникација и кој едноставно ја детерминира културата на еден одреден народ и нејзините специменти во поглед на сите норми и методи на едно јасно, разбирливо комуницирање.

Во тој поглед не е лошо тенденцијата за едно добро, јасно и конкретно дефинирање и нормирање, па ако сакате и законски санкционирање со сите тие предвидени услови.

Навистина и од претходните дискутанти произлезе некако да се спротивставиме едни на други мислејќи дека го негуваме јазикот и литературата едни на други што не би требало д биде така, на крајот на краиштата верувам и мислам дека секој човек ако го почитува туѓиот јазик нормално го сака и почитува својот јазик и обратно ако го почитува својот јазик нормално ги почитува и другите јазици што секогаш би

требало да биде така. Но, филозофијата е сосема друга во конкретниот случај. Никој од нас не рекол дека I не треба да се донесе закон, овој закон е мошне потребен и треба да се донесе, можеби требало и порано да се донесе, тука некој до нас пратениците се иритираат од аспект на тоа, бидејќи ние живееме во една држава, бидејќи во оваа држава живеат и други националности што е едно богатство и еден вид на мултикултурни и мултиконфесионални односи требаа да го имаат предвид законот и да го опфатеа интересот на заштитата и употребата на јазиците на народностите кои живеат во оваа држава во конкретен случај збор ми е за албанскиот јазик, па ако сакате и другите што се на број тука.

Едноставно мојата забелешка во поглед на предлогот за донесување на закон за македонскиот јазик со Предлог закон е поради тоа што требаше да се има предвид едно битно и многу важно прашање кое ќе делуваше на еден поширок план, значи ќе се имаше предвид целокупната состојба на едно мултинационално и мултиетничко општество како што е РМ од каде ќе се применеше еден закон кој ќе опфаќаше поширок круг и ќе ја поставеше употребата односно потребата за законот на македонскиот јазик, законот на албанскиот јазик и на другите што би можеле да ги наброиме.

Целта на сето ова за да поставиме рамноправни и законски норми, но никако со посебни мерила и проценувања. И вчера и денеска од страна на многу пратеници беа поставени многу дилеми за тоа кој ќе биде тој орган кој ќе воспостaвени еден ред на овие правила кога се знае дека во последно време сведоци сме на едно деструктивно расположение од сите страни за многу оптоварувања во поглед на

нелогизмите провицијализмите, краинлаизмите, солечизмите и ред други форми кои се наметнуваат на некој јазик конкретно на македонскиот. Тоа не е случај само на македонскиот јазик, туку и на другите јазици, албанскиот и другите што постојат во светот.

Само една забелешка што може да ја следам од професорот што инсистираше категорично да се примени литературниот македонски јазик јас ќе наведам дека употреби, да не речам намерно злоупотреби неколку збора во својата дискусија. Имаше многу латински зборови со француско и германско потекло почнувајќи од институција, индивидуа, ефикасност, орган, момент, агресија, парламент, лектор, специфичности, енциклопедија, иницијатори, материјален, касата, генератор, лиценца, валоризација, практика, аргумент, деградација, реален, алинеја, проект, и ред други зборови што беа спомнати тука што ако навлеземе во суштината ќе видиме дека не се со потекло на тоа што ние сакаме да биде, туку се наметнати од други јазици што во краен случај го збогатуваат македонскиот јазик, но и другите јазици кои сакале или не мора да ги прифатат како такви оти на нивните вокабулари има многу малку зборови од тие што би требало да ги има.

Всушност, задача е на сите нас да вложиме труд за да го пишуваме и употребуваме јазикот и да го зборуваме што е можно подобро. Едни такви слабости се применуваат и кај едни одговорни луѓе што вршат одговорни задачи и кои се најкомпетенти за заштита на унапредување на јазикот и писмото во службена употреба и комуникација, дури тие забелешки и грешки се прават од новинари, на радио, телевизија, весниците, а камоли од други кои најмалку се одговорни за да се грижат и за да водат сметка за тоа.

За да не должам моето лично убедување е дека кон ова прашање треба да се повлече една реална обврска која во прв^ ред ќе произлегуваше од институциите кои се најкомпетентни и најодговорни за ова прашање. Во прв ред мислам дека тоа треба да биде образованиот систем почнувајќи од предучилишното образование и воспитание, средното образование, па до високото образование од каде ќе произлезеше правилото и стручното пишување и зборување на јазикот и каде ќе нема право понатаму докторите, ќе немаа право понатаму економистите, агрономите да кажат дека ете јас не сум јазичар, и немам должност да го употребувам и пишувам литературниот јазик оти ценам дека не е моја обврска, тоа не значи дека треба да биде само обврска на јазичарите и на други компетентни, туку правилноста на литературниот јазик треба да биде мото на целото општество кое нема да придонесе со донесувањето на законот кој ќе биде донесен тука во Собранието, туку да произлезе како резултат на едно културно општество кое не се постигнува преку ноќ или нормирано со закон, туку тоа ќе биде како резултат на едно перманентно развивање преку воспитанието и образованието на луѓето на сите нивоа и во сите сегменти од животот.

Во овој поглед јас го гледам решавањето на проблемот кој се поврзува со степенот на воздигнување на перманентното образование на генерациите на поширок план и во една долга перспектива понатаму.

За мене е многу битно кога тоа ќе го постигнеме што побрзо и што поефикасно, а не преку соодветни казнени одредби што се предвидени во овој Предлог закон, бидејќи ако употребата

на нормираниот јазик може да се фаворизира и е резултат на една стекната култура на човекот, а не познавање и нормирање и не верувам дека намерата е тенденциозна на некои луѓе кои не се во состојба да го употребат, како што треба, литературниот јазик, туку тоа треба да биде резултат на тоа што го стекнал во своето школување и образование.

Што се однесува до збогатувањето и унапредувањето ан литературниот јазик и писмо во службена употреба тоа опфаќа голема одговорност и треба со компетентност да се прави на пример тие што се бават со трговските друштва, реклами, плакети, на правните и физичките лица, фактурите, сметките, посебно меѓународните договори и други меѓународни документи и важни акти кои треба да бидат на тоа ниво што треба да се изразат со компетентност и посебна култура.

Улогата на тоа што се предлага во законот на лекторот, е многу важна задача каде се практикува секаде во светот и тоа треба да биде во професионална рамка од каде ќе произлезе пречистен и синтактички исчистен текст со сите други граматички норми што исто така е резултат на поопширното дејствување кое се постигнува во образовниот перманентен систем.

Бидејќи законот е од многу важен интерес, моето мислење е дека треба да се донесе во две фази. Јас верувам дека и предлагачот го даде своето мислење во овој поглед и мислам дека треба да се надополни со сите празнини што би можеле во иднина како закон да биде покомплетен и во целина да биде прифатен за сите нас. Имајќи предвид дека нашите предлози и сугестии, претставниците на

Владата ќе ги имаат предвид, јас верувам дека идниот закон, што треба да биде донесен ќе ги исполнува сите тие празнини што се во интерес на сето ова што ние се залагаме. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој се јавува за збор? Г-дин Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Имајќи го во предвид фактот дека на дневниот ред на оваа седница е еден закон кој навистина е многу важен, бидејќи регулира еден проблем што мислам дека според предложениот текст на законот мислам дека не е во ингеренциите на овој законодавен дом.

Според суштината на текстот, јас имам впечаток дека исто така и сум во дилема дека овој законодавен дом ќе се претвори во една научна институција, а не како Парламент, како законодавен дом, кој е надлежен за донесување на некои закони кои се многу важни за оваа држава. За да се реши оваа проблематика мислам дека не е добро одреден патот низ кои може да се надминат сите овие недоразбирања во врска со употреба на македонскиот јазик. Ние знаеме од историски аспект дека сите јазици имаат во својот вокабулар многу туѓи зборови, поготово ако се инсистира македонскиот јазик да биде што почист, или да има своја хигиена, јас сум многу скептик во овој поглед бидејќи и македонскиот јазик како јазик потекнува од словенските јазици секој втор збор, или ќе го најдеме во српскиот речник, или во словенскиот, или во хрватскиот, или во рускиот, или во бугарскиот.

VIII/1.- JM/OM

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (Продолжение)

Исто така, има и многу зборови од други јазици кои се познати по својата историја, а мислам дека и славистиката како една наука има доста зборови од старо персискиот јазик. А овие јазици од западниот свет мислам дека исто така имаат и зборови од старо латински и старогрчкиот јазик . Меѓутоа, јазикот како ќе се усоврши и колку ќе биде чист сето тоа зависи од степенот на образование на граѓаните кои се служат со тој јазик. Исто така , и економскиот развој на тој народ, или на таа држава многу е доминантен фактор за еден јазик. Јазикот не може да се регулира со закон. Јас овој проблем го гледам сосема поинаку и во конкретниот случај и министерството за култура требаше да ги консултира по одговорните луѓе кои се надлежни за оваа проблематика, луѓе кои го познаваат историскиот проблем на македонски- от јазик и т.н. А не вака сега Министерството за култура да излезе со еден Предлог на закон со кој мислам дека нема да направиме ништо, само ќе ги доведеме граѓаните во една положба што тешко да се применува исто така и законските одредби и казнените одредби кои се предвидени мислам дека само овој дел може да се применува бидејќи за да се применува кај сите граѓани јас исто така не гледам некоја перспектива бидејќи кај една елита на образовните луѓе може овој закон да има влијание, а кај голем број граѓани не можеме. Да се расчисти јазикот од туѓите зборови не може со законот, тоа може само со економскиот развој во земјата исто така со системот на образование постојат други институции, а не со законот што ние сакаме да го донесеме. Овој проблем не го има само македонскиот народ. Овој проблем е присутен кај сите народи, исто така и кај другите народи кои имаат постара традиција. Еден дискутант вчера се послужи со еден пример како во Франција е регулиран овој проблем. Исто така,

и таму не маже со закон да се регулира иако францускиот јазик долго време беше во рангот на светски јазик. Денеска се знае кој јазик е поинтересен и кој е по влијателен, тоа е англискиот јазик. Времето го прави своето и сега ако ние инсистираме преку закон да го регулираме ова прашање мислам дека правиме една голема грешка. Затоа јас отворено ќе кажам, јас ќе гласам против овој закон. Со овој закон ништо не се прави , само ќе се постигне тоа еден голем број на граѓани да се казнуваат и т.н. А да има некое влијание кај голем број граѓани јас не очекувам, а овој проблем доколку сака, или се инсистира Министерството за култура заедно со Министерството за образование и со другите министерства постојат други институции, постојат други органи кои можат постепено да го регулираат. А да се расчисти македонскиот јазик како што е предвидено со закон од туѓи зборови многу е тешко и во овој момент бидејќи и многу други народи, многу други држави кои имаат своја традиција со еден ваков закон не инсис-тираат, бидејќи јас исто така овој проблем го гледам и од аспектот на науката. Има многу зборови, многу термини од аспектот на науката кои не можат да се преведуваат бидејќи ние не сме толку голема земја исто така и македонскиот народ не е толку голем народ да има своја посебна економија, да ја има својата посебна наука кое исто така ќе има влијание и кај другите народи и дури тогаш може да се расчисти, да се направи еден чекор напред во оваа свера. Во конкретниот случај јас гледам дека тука е направена една голема грешка и не би требало по пат на закон да се регулира оваа проблематика. Имајќи го предвид дека постојат другите патишта низ кои можеја да се постигнат резултатите и поголеми во оваа свера преку образованието преку научните институции преку

професорите кои се надлежни и компетентни за оваа проблематика. Дури во овој случај ние имаме и голем број интелектуалци кои не можат да се ослободат од употребата на туѓите зборови. И секој јазик и англискиот јазик и францускиот јазик има такви зборови. Па ако се инсистира до крај македонскиот јазик да се расчисти од овие зборови мислам дека во овој момент е голем апсурд.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Господине претседателе, господа пратеници, јас нема да се задржам многу во врска со оваа проблематика бидејќи многу луѓе го рекоа своето што мислеа и тука многу се зборуваше. Некаде на место се зборуваше , некаде се претеруваше, и т.н. Во сите овие разговори што ги чувме тука и што добро ги следевме по мое мислење еден предлог беше многу симптоматичен и по мое мислеше беше многу добар предлог, а тоа е Предлогот законот да се донесува во две фази и да се решат јазичните проблеми. овој предлог сметам дека беше од најрационални-от што дава и условува доста широк простор за решавање и на другите јазични проблеми што ќе следат после овие. Меѓутоа мене ме загрижува една друга работа. Тука јас можеби ќе претерам кога ќе го употребам францускиот збор пурификацион на македонски би се превело со чистење или прочистување . Тоа е убаво, секој народ сака преку чување на својот јазик да го чува и сочува својот национален идентитет. И тука добро се замислени , добро е замислен овој предлог на закон затоа што има напади од сите страни во последно време видовме напади од Академијата на Русија и т.н., да не зборувам за Бугарија и други земји. Значи тука навистина македонските интелектуалци треба да запнат и да го сочуваат идентитетот на македонскиот јазик. Меѓутоа, што го спомнав

зборот пурификација, или чистење, или прочистување јас сметам дека многу поголема штета ќе нанесе на македонскиот јазик отколку добивка. Зошто јас^зборувам во тесниот поим на зборот пурификација зошто и порано добро е да се потсетиме на Кинескиот ѕид кој кинезите го создале тој ѕид, знаеме зошто го создале , за соочување на својот национален идентитет, на својот територијален интегритет од страна на монголците кои биле често напаѓани. Меѓутоа со поминувањето на времето и тој висок и долг ѕид не бил способен да го сочува тоа што кинезите мислеле. И во кинескиот јазик има корејски зборови, монголски зборови, има лаоски зборови, има до некаде и виетнамски зборови, зошто тие биле присилени да бидат во меѓусебна комуникација било економска, трговска, или културна комуникација.

Второ, сметам дека некои зборови што се позајмени од странските јазици се незаменливи и присилен е не само македонскиот, или албанскиот јазик , туку сите се присилени да ги задржат тие зборови за да би комуницирале со тие народи, односно и со својот народ, со својот поединец. Тука можам да Ви дадам уште еден пример. Англискиот јазик верувале , или не има околу 40% директно француски зборови. На пример насион на француски , нејшн на англиски, значи тоа само преобликувале во изговорот на тој јазик, исто се пишува, а поинаку се изговара. Или конверзасион или бонификасион и т.н. Сите овие зборови не што англичаните не биле во состојба да ги состават зборовите за да би добиле ист поен за еден збор , туку тие просто и едноставно виделе дека тие зборови се попрактични и затоа ги зеле и ги употребуваат и во голема мера. Јас кога бев во загребското сеучилиште имавме еден професор што ни зборуваше за создавање така наречени калт зборови, зборови составени од неколку зборови за еден поен. На пример за зборот велосипед за време НДХ за да би се отстранил тој странски збор,

затоа што знаеме дека НДХ беше една нацистичка творевина, да би се отстранил тој збор од хрватскиот говорен јазик тие измислиле еден таков чуден талк што истиот збор е составен 4,5 зборови. Значи рекле вака: Двокотачни, тркалезни, самоодни и т.н. Значи сакам да речам да не одиме на таква крајност затоа што крајностите секогаш се штетни. Да земеме и обратно. Францускиот јазик во 19-от век и во почетокот на 20-от век дури до Втората светска војна беше доминантен во Европа. Не само во Европа и во тие подрачја каде што французите ги имаа своите колонии. На пример во Индокина, Лаос, Камбоџа и т.н. , или во Централна и Западна Африка. Меѓутоа и францускиот јазик сите тие свои потребни зборови што не може самиот да ги создава го зел од англискиот. На пример не само францускиот јазик и сите други јазици. Спортските термини едноставно се од англискиот јазик. Хрватите сепак имаат предимство во овој поглед на пример ногомет, цел свет вели: фудбал, или фудбал, а хрватите ногомет

друго каде ќе се најде толку ако се базирам повторно на ова пурификација. Јас го кажувам своето мислење за пурификација, каде ќе ги најдеме толку големи термини односно толку квантум термини за јазикот на медицината.

IX/1.-ПЈ/МЛ

**НАЏИ ПУРДЕ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

За јазикот на фармацијата, за јазикот на градежништвото, за јазикот на електрониката и тн., да не ги бројам другите работи. Значи, сите работи и сите тие што се поврзани со оваа проблематика треба да има едно реално поставување и да не се создава една голема крутост дека ќе биде вака, камо среќа секој јазик да ги имаше своите зборови, своите сопствени зборови и ќе беше многу добро. Меѓутоа, кога немаме нешто, мораме да позајмиме од другиот што има повеќе.

Со ваква законска регулатива сметам дека се доаѓа до една голема рестриктивност. Сметам дека нема да има добри резултати, особено кога ова е едно јазично прашање, а тоа прашање мора да се решава само со природни средства. Тука најголема грешка гледам со овој Предлог-закон, велам најголемата грешка е во предвидените казни, како што рече еден од дискутантите вчера, за една грешка било граматичка, било ненамерна грешка, законски ќе му се одземе да кежеме, компјутерот. Тоа би било, по мое мислење, еден голем апсурд. Потоа, исто така, мојата забелешка е во тоа што законодавецот, односно тој што го создал овој закон не го зел предвид и јазиците на другите националности кои што зборуваат во Македонија. Значи, кога живееме заеднички во еден простор наречен Република Македонија, сите проблеми било економски, било културни, било јазични, било школски да се решаваат заедно и со добро разбирање, со добра намера, без никакви калкулации, позадини и тн. Зошто, ако сме искрени во решавањето на овие проблеми, секогаш ќе имаме меѓусебни добри односи.

Благодарам.

IX/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници!

Ретки се можностите од оваа говорница, со посебна гордост и респект да се зборува, да се говори за ваква проблематика, пошто навистина е реткост, ја имам таа можност, ја имаме сите ние пратеници, во овој момент таа реткост да зборуваме за оваа проблематика, за оваа проблематика која за жал, малку историографски гледано назад Стручните служби тој податок го обезбедија во последните 52 години од постоењето на Република Македонија како Република, како самостојна држава, за несреќа ова е втор пат кога се проговорува и зборува за оваа проблематика. Одредена иницијатива имало во 1988 година и на тоа останало, но еве сега го имаме и тој свечен момент. Поради тоа, и со сета сериозност приоѓам кон оваа дискусија и респект, кон тематиката на предложениот закон. Мислам дека имаме големо историско бреме навистина да одговориме пред. нашите генерации кои биле повеќе векови пред нас, да не речам милениуми, на адекватен начин и на прав начин да одговориме како што треба.

Оваа историска неправда, оваа проблематика воопшто не била регулирана досега, навистина, на адекватен начин треба сега истата да се исправи. Можеби таа нерегулираност во правни норми, доведе и овие негативности, кои повеќе дискутанти од повеќе политички партии истакнаа од оваа говорница. Мислам дека поради оваа проблематика и оној предлог од самото Министерство, иако законот беше доставен само

како Предлог за донесување и за право донесување, го повлече и се даде еден грејс период, истиот да се разгледува во дв^ фази. Мој предлог е истиот да започне со овие наши дискусии. Овој Предлог на закон да се врати на Нацрт на закон, за да имаме што повеќе време за да се вклучат повеќе институции, поединци, научно - културни работници, просветни работници, но и да се вклучи и оној обичен народ, граѓанин, од улица, од село, од планина, од поле, она нешто што нашите просветители порано го правеле кога ги бележеле првите званични белешки за постоењето на овој јазик и творештвото на овој јазик.

Мислам дека Министерството ќе треба далеку, далеку посериозно да пријде кон оваа проблематика, зашто навистина оние решенија кои сега ги имаме, ни од малку не ја задоволуваат, односно не ги задоволуваат критериумите кои би требале да бидат зацртани. Тоа исто се однесува и на третманот кон оваа седница и на третманот во овој момент кога јас сега говорам претставниците од ресорното министерство индолентно се однесуваат, следејќи го разговорот со еден мој сопствен колега. Мислам дека тоа господине претседателе, треба да реагирате на соодветен начин. Барем малку од малку претставниците од Министерството за култура да ги слушнат нашите зборови. Точно е дека сме од опозициона партија, но сепак сме пратеници.

Исто така, сепак и тајмингот на ресорниот министер би требало да го прилагоди, да присуствува тој директно на оваа и на вакви седници, зашто сепак, министер е министер и треба директно да го слушне она што народните избраници ќе го кажат. И во самите зборови и со тоналитетот на зборовите. Затоа, повторувам, Министерството треба да овозможи една поголема транспарентност на овие дадени норми, па

повратно да добие поадекватни, искуствени забелешки. Ценам дека треба во секое основно училиште овој законски проект да се разгледува, во секое средно училиште, така што да имаме навистина една права, права слика за состојбата во овој момент каква е во Република Македонија. Нормално, тежината на овој проблем треба да се разгледува, барем од она како што не учеа нашите професори по македонски јазик, дека колефката на македонската писменост произлегува од оној територијален пристап Кичевско - Церско, Битолска регија. Нас, гледаме дека, навистина ни претставува проблематика да го донесеме овој закон, а воопшто не размислуваме како треба да ја изѕидаме таа надградба на овој закон, како треба овој закон повеќе да биде застапен македонскиот литературен јазик, како истиот да го негуваме и на крај како истиот да го зачуваме. Мислам дека со овој законски проект, тој наш македонски јазик треба да ја зацврсти својата трајност, да не речам својата вечност.

И за на крај, повторно директно прашање до претставниците од Министерството за култура. Ценам дека постои одредена дволичност во тоа креирање на политика кон оваа проблематика. Непосредно пред извесен временски период се истакна податокот дека голем дел од одреден филмски проект во Република Македонија го кофинансирало Министерството за култура, што е нормално. Тоа е проектот во копродукција со "Вардар филм" веќе познатиот прикажуван филм "Џипси Меџик". Барам не вие како претставници, министерот да даде превод на насловот на овој филм.

Благодарам.

IX/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Бидејќи предлагачот на законот го повлече Предлогот на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за македонскиот јазик.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието, како и забелешките на пратениците дадени во вид на амандмани.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, предлозите и мислењата од расправата на седницата, како и забелешките на пратениците дадени во вид на амандмани, да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за култура.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

58 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (2 пратеника).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Молам, колку пратеници има во салата?

62 пратеници, а сега 63 пратеници се присутни во салата, очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската влада и Австриската Сојузна Влада за стопанска, земјоделска, индустриска, техничка и технолошка соработка, со Предлог на закон.

Овде немаме претставник на Владата по оваа точка.

Бидејќи има амандман, не можеме без претставникот кој е овластен. Дали господинот Зафировски е овластен за ова?

Не е овластен господинот Зафировски и нема допис до Собранието.

Минуваме на точка 4 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за внатрешни работи, со Предлог на закон

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа дека е добиено позитивно мислење од Владата, ќе бидам сосема краток. Причината за предлагање на овој закон од група пратеници, во чие име настапувам, кои всушност се и членови на Комисијата за контрола и надзор над работата на Дирекцијата за пред се, оваа комисија и овој Парламент во праксата се соочуваше со неколку проблеми. Имено, познато беше дека согласно Законот за внатрешни работи, Комисијата е

должна еднаш годишно за својата работа да дава извештај до Собранието. Ние оваа година го гледавме многу доцна Извештајот од минатата година за 1996 година е исто така готов Извештај од Комисијата во март, меѓутоа немаме мислење од Владата. Од овие причини се прецизира односно се предлага прецизирање на законот во смисла на тоа Извештајот кој што е должна Комисијата, односно мислењето на Владата по Извештајот да го достави во рок од 30 дена. На тој начин се создава обврска на Владата во рок од 30 дена да 'го достави Извештајот. Ние ги консултиравме правниците од Стручната служба на Собранието каде што ни беше укажано дека без ова мислење на Владата не може да се поднесува Извештајот на Комисијата, како што ви е познато достави до пратениците на Собранието. Од овие причини го предлагаме донесувањето на овој закон. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Господин Гајтановски, заменик министер за внатрешни работи.

**ГАЈТАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Владата го прифаќа Предлогот за донесување на законот, за дополнување на Законот за внатрешни работи, предложен од група пратеници и му предлага на Собранието да го донесе на оваа иста седница. Се цени дека со ова дополнување ќе се обезбеди понавремено и поефикасно вршење на надзорот од страна на Собранието врз работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање, како орган во составот на Министерството за внатрешни работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за внатрешни работи.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој воздржан? (Не).

Ве молам колку пратеници се присутни во салата?

Не можеме да работиме вака. Тогаш предлагам пауза.

(Пратениците реагираат и не сакаат пауза).

Како не, како ќе работиме. Не можеме секогаш да повторуваме гласање, пратениците нека влезат во салата.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

61 пратеник гласа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

(62 пратеника гласаа за).

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој воздржан? (Не).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

' Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеник гласа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за внатрешни работи.

Х/1 ДВ/НД

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и Мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, само во неколку реченици да ја кажам целта зошто го поднесов овој закон за измени на Законот за територијална поделба на општините во Република Македонија.

Според новата територијална поделба на општините во РМ, општината Младо Нагоричане која порано беше во општината Куманово, сега припадна кон општината Старо Нагоричане.

Уште во почетокот кога излегоа предлози за формирање на новите општини граѓаните од ова село излегоа со предлог за формирање на општина. Меѓутоа, тој предлог беше доставен до Министерството за правда, но како таков не беше прифатен. Понатаму кога веќе се определија од страна на Комисијата општините во РМ, тоа село беше припоено кон општина Старо Нагоричане. Тоа нешто граѓаните на Младо Нагоричане како поголемо село, не можеа да го прифатат и отидоа на референдум каде изгласаа да се припојат кон општина Куманово.

Со оглед на тоа што и до ден денес помеѓу овие две населени места, односно меѓу граѓаните на Старо Нагоричане и граѓаните на Младо Нагоричане постои одреден антагонизам со кој никако неможат да

се согласат, бидејќи Младо Нагоричане е поголемо село а не доби општина, тие по секоја цена инсистираат и јас како пратеник од оваа сеЈ^о што е во составот на мојата изборна единица го предлагам овој Предлог на закон, Младо Нагоричане како село се припои кон општина Куманово, бидејќи граѓаните тоа го донесоа на референдум едногласно и бидејќи тие сметаат дека нивните потреби пореално и побрзо ќе ги решаваат ако се во составот на општина Куманово. Покрај тоа и територијално се сврзани со општина Куманово и оној антагонизам што го спомнав постоењето на некаква нетрпеливост во *оваа општина така да тие сега практично не функционираат во општина Старо Нагоричани. Во крајна линија ако Законот денес и не се усвои на оваа седница на Собранието предлагам да се има предвид кога ќе се носи измената на целиот закон за територијална поделба на општините во Републиката, да се има предвид ова баран»е и желба од село Младо Нагоричани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (43)

Констатирам дека Заклучокот не е усвоен.

Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за обезбедување на средства во форма на кредити за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови, со Предлог на закон.

Х/3.-

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Ќе се обидам сосема кратко како еден од тројцата предлагач! на овој закон да дадам едно кратко образложение, бидејќи на двапати пред вас ја образлагав потребата од донесување на овој закон.

Воглавном законот се состои од Предлог за ослободување од плаќањето на судски такси при поднесувањето на поднесоци пред судот, за побарување по основ на штедни влогови од штедилниците "ТАТ", "Алфа-С" и "Лавци".

Заедно со моите колеги предлагачи сметаме дека овој закон е во согласност со член 11 од Законот за судски такси каде што децидно е назначено дека во кои случаеви се ослободуваат од плаќање на одреде-ни судски такси подносителите на барањата. Иако не се работи за некоја посебна финансиска сума со која штедачите посебно би биле обештетени односно ослободени сепак сметам дека во една ваква состојба во која се наоѓаат штедачите од овие три штедилници, претставува еден почетен чекор за разрешување на овој случај.

Во оваа прилика ја користам и приликата да и се заблагодарам на Владата што даде позитивно мислење за донесување на овој закон и сметам дека овој закон ќе биде донесен.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Испаднав на говорница да кажам дека се согласувам со ова што е предложено од господинот Најдовски, но ние донесовме повеќе законски

проекти во овој Парламент но евидентно испуштивме една работа а тоа е"Македонија-Реклам".

Луѓето кои треба да ги добијат правата како што ги добија оштетените штедачи во"ТАТ", "Алфа-С" и другите штедилници. Мислам дека овој Парламент треба да ја исправи оваа грешка што е направена и да се обештетат и граѓаните од Македонија реклам.

Сигурно некој ќе каже дека, еве реагираат господата од СДС, дека тоа не е штедилница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам дајте дискутирајте по Законот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ако расправа Парламентот правично сигурно на една од наредните седници треба да донесе закон за обештетување на штедачите во "Македонија реклам".

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Претседателот не спомна дека овој предлог на закон во однос на плаќање на такси исто така од Пратеничката група на СДС, конкретни од Битола која го поддржува овој закон и мислам дека во името на пратениците од Битола од СДСМ, Живко Јанкуловски, Славко Котевски, Бранирод Михајловски, Благоја Стефановски и Вељо Тантаров, овој предлог на закон го поддржуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, јас тоа пропуштив да го кажам на почетокот.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основа на штедни влогови.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Сакам повторно јавно да го кажам моето мислење дека и со овој закон и со позитивното мислење на Владата и Владата и овој Парламент продолжуваат со тактиката по оваа проблематика да се однесува кон едни граѓани како кон мајка, кон други граѓани како кон маќеа. И мислам дека го продолжува релативно непринципиелниот однос кон одредена структура во државата која е загрозена поради лични, меѓутоа и државни грешки.

Новината на овој закон е што сега покрај коалицијата која минатиот пат го донесе законот на страната на мајката, меѓутоа и на

страната на маќеата се придружуваат и оние пратенички групи кои минатиот пат законот го одбија. Значи Пратеничката група на демократите кои минатиот пат гласаа против законот, сега нудат закон за измена на тој закон и очигледно дека ќе гласаат.

Јас ќе кажам принципиелно, несакајќи да влезам во варијанта кон една група граѓани да бидеме мајка, кај друга маќеа, со овие законски решенија, и понатаму принципиелно нема да ги поддржам измените и дополнувањата на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Ме поттикна асоцирањето мајка маќеа да искоментирам. Најверојатно мојот ценет колега е сираче во својата пратеничка група од аспект на тоа што навистина правичноста е законите да се носат за сите оштетени штедачи. Во тој правец и оваа општа расправа би била добар повод да се искористи, да се покрене конкретно постапката за изнаоѓање решенија за обесштетување и на останатите штедачи, конкретно поддржувајќи го и залагањето на колегата Слободан Даневски, за штедачите од Македонија реклам. Тие неколку месеци бараат средба со претставници....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е друга тема господине Минов. Тоа кога ќе расправаме за тој закон. Сега ве молам кажете за овој закон.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Повод е оваа општа расправа со поздравување и поддршка на Законот со кој за штедачите од ТАТ, Алфа-С и Лавци се ослободуваат

X/7.-

од обврските од судска такса, со претставниците од политичката влада и парламентарното мнозинство и од СДСМ да се покрене постапката за изнаоѓаше решение и за штедачите од Македонија реклам, за нивно обештетување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, секој пратеник може да предложи закон.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Се разбира меѓу тиа и пратеникот, Претседател на Собранието.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, се јавив за една кратка интервенција по излагањето на господинот Никола Поповски, бидејќи беше спомнат односот на пратеничката група при донесувањето на Законот за обештетување на штедачите од штедилниците ТАТ, Алфа-С и Лавци. Имено беше кажано дека тогаш пратеничката група на го поддржала тој закон, а сега нејзини пратеници се јавуваат во улога на предлагачи на закон што бараат некакви измени и дополнувања на овој закон.

Јас само би сакал да ве потсетам дека навистина Пратеничката група на ЛДП не го поддржа овој закон затоа што сметаше дека тој начин не е најсоодветен за обештетување на штедачите кои беа ограбени со пирамидалното штедење во РМ. Меѓутоа, поаѓајќи од фактот дека ние живееме во една правна држава каде што треба да се почитуваат законите, а Законот сепак беше усвоен од другите пратеници, не кажувам кои, можеби и некои други гласале против. Тоа значи штом Законот е усвоен истапи во сила, ние како граѓани на оваа држава сме должни да го почитуваме тој закон и од тој аспект нашите пратеници се одлучија да предложат измени и дополнувања на тој закон за да се исправат некои работи кои не се на најдобар начин регулирани. Ова само заради јавноста.

XI/1.- CC-ВБ

**БЈ1АГ0Ј СТЕФАНОВСКИ:**

Го поддржав законот н ете, во редот на оние што се подносители, заедно со петмината предлагачи од СДС од Битола го поддржав како исклучителна точка, поради ситуацијата во која се наоѓаме ние, граѓаните од градот Битола. Меѓутоа, повторно ќе кажам дека овој закон во нерамноправна ситуација ги доведува сите штедачи од едноставна причина затоа што тие што си ги подмириле трошковите со овој закон не го регулира нивното враќање. Значи, тие што биле исполнителни, уплатиле тие 600 денари или колку се, а другите не, испаѓа дека и овој закон до крај не ги доведува во рамноправна ситуација сите граѓани. Тоа е она што сигурно ќе се одрази таму и ќе биде проблем во самиот суд. Значи, оние што се исполнителни граѓани, што го регулирале, а некои ќе направат притисок и не го регулираат. Тоа сакам да го кажам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Видимче.

Ве молам исклучете ги телефоните.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Господине претседателе, колеги пратеници,

Како еден од предлагачите на законот би сакал малку да се осврнам на дискусијата на г-динот Никола Поповски, бидејќи со неговата непринципиелна дискусија веројатно настојува малку да ја ублажи работата.

Морам да кажам дека кога ние го предлагавме овој закон како предлог-закон за измена на Законот за штедилниците единствена наша

идеја беше да ги намалиме проблемите и трошоците на штедачите, со тоа што сме го кажале кога се донесуваше тој матичен закон дека не се согласуваме со основното начело на тој закон, а тоа и ден денеска стои. Тој закон, како таков, не ги задоволува потребите на граѓаните и штедачите.

Измената што сега ја предлагаме е само дополнување што се надеваме дека ќе го подобри текстот, се со желба ограбените штедачи едноставно да им помогнеме и во овие тешки времиња да сватат дека сепак има некој кој мисли за нив. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Не би сакал да останам должен.

Производот - маќеата, сирачињата, се е тоа производ на оваа Влада. Таа го произведе овој случај. Сега испаѓа дека пратеничката група на ЛДП е крива за се.

Не си ги најдовме кривците, не си ги најдовме парите. Сега се криви некои други. Производот на маќеата, на случајот е оваа власт, оваа сега актуелна власт. Таа ништо не направи да ги открие правите сторители на целата афера, а сега се префрла топката на Пратеничката група на ЛДП. Јас мислам дека јавноста знае кој го направи тоа и кој треба да го реши.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Павлов.

XI/3.-

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, Јас мислам дека совршено јасно и на почитуваниот колега што говореше пред мене му е јасно дека ТАТ не е производ на Владата на Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (52 пратеници)

Дали има некој против? (5 пратеници)

Дали има воздржани? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови.

Се враќаме на точката 3,бидејќи имаме претставници на Владата - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Австриската Сојузна Влада за стопанска, земјоделска, индустриска, техничка и технолошка соработка, со Предлог на закон.

XI/4.-

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Македонската Влада и Австриската Сојузна Влада за стопанска, земјоделска, индустриска, техничка и технолошка соработка.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

XI/5.-

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на член 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за,^молам да крене рака? (71 пратеници)

Дали има некој против? ( нема)

Дали има воздржани? (никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Австриската Сојузна Влада за стопанска, земјоделска, индустриска, техничка и технолошка соработка.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за пријавување на имотот на избраните и именуваните функционери,

Предлогот за донесуваше на закон, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

Има збор г-дин Коцевски.

XI/6.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани дами и господа,

Како предлагач на овој закон си земам за право пред да отпочне расправата да кажам кои беа мотивите што ме натераа до Собранието да доставам Предлог за донесување на ваков закон и да дадам кратко образложение за самата суштина на Предлогот за донесување на закон.

При предлагањето на овој закон пред се појдов од фактот дека, заради тоа што во Македонија сеуште не е донесен закон по кој на некој начин ќе се уреди прашањето за пријавување на имотот на избраните и именуваните функционери и следењето на нивната имотна состојба во текот на траењето на мандатот, се одлучив за предлагање на овакво законско решение затоа што оценив дека има потреба од донесување на оваков закон и затоа што сметав дека таквиот закон ќе доведе до надградба на правниот систем во РМ.

Основната цел што мислам дека треба да се постигне со донесување на еден ваков закон е пред се зголемување на одговорноста во вршењето на функциите на избраните и именуваните функционери кои ги вршат во име на граѓаните на РМ, со сето она што произлегува од тоа и зголемувањето на довербата на граѓаните во избраните и именувани функционери, што според моја оценка е на страшно ниво во последно време.

Законот, во себе содржи одредби што на прецизен начин ја регулираат оваа материја. Покрај тоа што е наведено што се подразбира под избрани и именувани функционери кои се опфаќаат со овој закон и за коков имот се подразбира пријавувањето, даден е и начин на постапка за пријавување на имотот на избраните и именуваните функционери, следењето на нивната имотна состојба, доставувањето на податоците за имотната состојба на функционерите на јавноста и забраната на

функционерите за време на траењето на нивниот мандат да примаат подароци од странки или други лица што директно или индиректно имаат интерес од вршењето на функцијата, како и казнени одредби за непочитување на законските одредби од овој закон.

При пишувањето на овој закон ги користев искуствата, пред се на европските држави и тоа на оние европски земји кои се во сличен стадиум на развој како што е РМ. Пред се,конкретните законски искуства од Република Словенија, од Полска, а притоа ги имав и конкретните искуства од САД, од Франција и некои други земји. Притоа сакам да ви кажам дека искуствата за регулирање на оваа материја се разликуваат од земја во земја. На пример, во Полска тоа е решено со Законот за пратеници и тоа е опфатено односно таму се опфатени само пратениците и сенаторите. Во Словенија тоа е решено со закон за неспоивост на вршење на јавна функција со профитабилна дејност. Во Франција тоа не е конкретно регулирано со дециден закон, меѓутоа постои обврска со пријавување на имотот на сите избрани и именувани функционери. Посебен акцент во Франција е даден на пријавување на имотот на функцијата генерален благајник за исплата во рамките на Министерството аз економија и финансии, или како што ние во наши прилики би го нарекле трезорист.

Исто така, при предлагањето на овој закон ги имав во предвид и заклучоците донесени на неодамна одржаниот Семинар во организација на Одделението за превенција на криминалот и кривичната правда на ООН, во соорганизација на МВР, Министерството за правда и Министерството за финансии каде што во еден дел во главните препораки што се донесени на тоа советување се вели, цитирам:

"Донесување материјални и процедурални закони против корупцијата со што ќе се зголеми транспарентноста, ќе се бара целосно

пријавување на имотот и другите приходи на јавните функционери, ќе се спречат конфликтите и ќе се овозможи истрага во случаи кога постои сомневање за пречекорување на овие закони".

Ова е една од препораките, заедно со другите препораки што се^искажани на овој собир, како што се за измена и дополнување на Уставот на РМ со цел да се продолжи рокот за траењето на притворот, формирање на финансиска полиција, зголемување на истражните постапки и други мерки, со цел во РМ да се создадат правни предуслови за поенергична борба за организираниот криминал, корупцијата и перењето пари.

При тоа, исто така го имав предвид и широко распространетото мислење меѓу граѓаните на РМ, дека еден дел од избраните и именуваните функционери во нашава земја, користејќи ја својата позиција, со некритичка употреба на власта или нејзина злоупотреба се збогатуваат на незаконит" начин.

За да се офрли таа анатема од сите функционери во нашава држава, мислам дека е крајно време да се донесе еден оваков закон, за да не може сите избрани и именувани функционери да се ставаат во исти кош затоа што, мора да има јасна постапка во врска со тоа, а таква постапка ќе има само доколку има законско решение што ќе предвиди најефикасен начин за следење на имотната состојба на функционерите за да се види на крајот на нивниот мандат дали ја злоупотребила својата функција за бесправно стекнување финансиска. или некоја друга корист или не.

Исто така, при пишувањето на овој закон ги имав предвид и другите законски прописи што на некој начин имаат допирни точки со содржината на овој закон. Пред се, тоа е законот за тајноста на личните податоци, потоа Законот за семејството, Законот за прекршоци, Кривичниот законик на РМ и други некои прописи што се донесени во оваа област.

При тоа, би сакал да кажам дека во нашава земја имаше само еден обид од страна на Владата на РМ во составот од зимата 1994 година кога на сопствена иницијатива министрите од Владата поднесоа из^ави за својата имотна состојба. И, бидејќи тоа не беше засновано на прецизни законски одредби, јас мислам дека на крајот се претвори во една лоша импровизација, прво затоа што сите минситри не дадоа изјави за својата имотна состојба, а второ затоа што со исклучок на еден министер, на крајот од мандатот ниту еден министер не дадоа изјави за евентуалнтие измени на имотната состојба од нивна страна.

Присуствував на комисиските расправи водени во Собранието на Рм и се одлучив после тие расправи на Собранието да му предложам на денешнава седница да се расправа само за предлогот за донесуваше на закон за пријавување на имотот на избраните и именуваните функционери со цел да овозможам, како предлагач, врз основа на расправата што ќе се води денеска и евентуално, ако Владата е расположена за соработка врз основа на сугестиите и предлозите и забелешките на Владата и пратениците во следната постапка, при предлагањето на текстот на Законот, законот да се дотера за да донесеме навистина квалитетен и на содржаен начин кој нема воопшто да биде импровизација, туку ќе претставува навистина надградба на правниот систем на РМ и ќе создава правни предуслови за регулирање на оваа област што до сега не е регулирана во РМ.

На крајот би сакал да кажам дека не се согласувам со некои наводи од Мислењето на Владата на РМ во Мислењето што е доставено до пратениците. Прво, ве уверувам дека навистина користев искуства од држави кои воопшто немале во својата историја акции од типот "имаш куќа врати стан" или "испитување на потеклото на имотот", туку се тоа држави со долгогодишна парламентарна традиција и држави што се во транзиција,но се далеку пред нас во споредба со состојбите во нашата земја.

Изразувам мислење дека формулациите од типот дека Владата работи на изработка на овој закон во соработка со експерти и дека на посеопфатен начин ќе го уреди ова прашаше со внесуваше на етичките норми во самиот закон, мислам дека не е во ред затоа што Владата до сега имаше голем временски простор на располагање за да предложи оваков закон. Меѓутоа, тоа не го направи до сега и еве, во последно време се случува на неколку иницијативи на пратениците да дава идентично образложение дека работи ан таков закон и дека на покомплексен начин ќе предложи закон со кој на покомплексен начин ќе се регулира таа материја.

Ве молам за разбирање и соработка и ја очекувам Вашата поддршка.

Благодарам.

(Во отсуство на претседателот на Собранието со седницата продолжи да раководи г-дин Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието на РМ).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Спасов, министер за правда.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседавач, почитувани пратеници,

Би сакал само да го образложам мислењето на Владата, во врска со тоа зошто не треба да се прифати овој предлог за донесување на овој закон.

Прво, сметаме дека не треба да се прифати затоа што иако го прифатиме, самото име не обврзува, а името што говори Закон за пријавување на имотот на јавните и другите избрани или именувани функционери всушност опфаќа само една тесна материја од тоа што навистина би требало да биде регулирано со еден оваков закон.

XI/11.-

Несомнено оваа инцијатива ја подразбираме, ја прифаќаме како еден мошне позитивен притисок, во насока да се регулира една материја за која што има, секако, особен интерес и Владата на РМ и пратениците од сите политички партии во овој Парламент.

Зошто? Затоа што сметам дека заеднички интерес е и на позицијата и на опозицијата да имаме законска регулатива со која што всушност не само што ќе ја зголемиме одговорноста на сите јавни функционери, туку истовремено ќе ја направиме таа функција угледна и ќе направиме луѓето кои ќе сакаат во иднина да се занимаваат со таквите државни и одговорни функции, да не се срамат од вршењето на тие функции.

Всушност, мораме да имаме регулатива што навистина ќе го разграничи она што претставува злоупотреба на функцијата и ќе обезбеди нормална постапка низ која што, од една страна, навистина ќе биде казнета злоупотребата на обавувањето на таквите државни и јавни функции а од друга страна ќе биде заштитен целосно угледот и достоинството на граѓаните кои ги обавуваат тие функции.

**ЃОРЃИ СПАСОВ: (**продолжение)

Во таа смисла сметам и Владата смета дека таа материја е мошне сложена и за таа цел уште пред една цела година, што се надевам дека му беше познато и на предлагачот на оваа иницијатива во Република Македонија работи екипа од Институтот за јавна управа на САД, која заедно со нашите експерти од Правниот факултет и Министерството за правда работи на цела серија закони за реформата на државната управа. Во рамките на целата таа серија за реформа на државната управа истовремено се вклучени и организаторите на семинарот, кои учествуваат во борбата против корупцијата и организираниот криминал, чии што некои од препораките ги цитираше и пратеникот чија што е иницијативата за овој закон. Истовремено, вие знаете дека покрај сето тоа постои Декларација на ООН против корупцијата и поткупот , за деловните трансакции и исто така меѓународен кодекс за однесувањето на јавните службеници.

Напорите на сите овие експерти, во овој период беа насочени во таа насока да се види каква норматива би била најуспешна, која што истовремено ќе обезбеди повисоки етички стандарди за однесување на чиновниците, истовремено процедура низ која што ќе се обезбеди ова што го нуди само овој за мене парцијален аспект, пријавувањето на имотот и контрола на промената на имотот на јавните службеници во периодот на одржувањето на нивниот мандат, истовремено јасна процедура и тела кои навистина ќе можат до крај да ја изведат одговорноста на начин на кој што тоа е регулирано во современите законодавства.

XII/2.-

Секако , иницијаторот на законот цитираше неколку земји во кои то^ на тој начин е регулирано и тоа исто така се смета дека е само парцијално времено решавање на тие ситуации. Меѓутоа, сметаме дека ние сме обврзани, кога веќе работиме во оваа насока, да донесеме еден законски пристап кој што оваа материја ќе обезбеди, нејзино регулираше на еден подолг временски период, при што меѓу другото ќе бидат вклучени во таквото законодавно регулирање сите овие аспекти за кои зборував.%Зошто? Затоа што сметам дека навистина со законскиот проект на кој сега се работи во Владата се регулира токму суштината на односот што произлегува од оваа материја. Тоа е судирот на личните и државните интереси, судирот на интересите на човекот кој што ја обавува функцијата и интересите кои треба да ги заштитува преку обавувањето на функцијата. Тој закон некаде го нарекуваат закон за конфликтот на интересот, на други места постои закон за етичките стандарди, иако со него само практично се опфаќаат етичките стандарди. Меѓутоа, навистина се работи за една материја на која мораме да и пријдеме со целата деликатност и сметам дека Владата во таа насока ќе ги продолжи сопствените напори, со цел навистина ова сериозно прашање, за кое постои подеднаква заинтересираност меѓу пратениците на позицијата и опозицијата, меѓу членовите на Владата и носителите на одговорните должности во државата, односно на државните функционери, да се регулира на еден начин на кој што еднаш за секогаш ќе го симне срамот од луѓето кои не ги злоупотребуваат сопствените функции и ќе обезбеди нормална постапка во таканареченото обвинување за злоупотребата на тие функции, секој наш граѓанин кој обавува јавна функција да биде заштитен во неговото достоинство, а постојано да го јакнеме угледот , да ја јакнеме довербата

во тие луѓе и да создаваме низ тој начин една доверба низ институциите на државата и на системот , која на сите многу ни е потребна.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани министри, дами и господа, ќе се обидам накратко да укажам нешто. Не само што сметам дека треба да го поддржиме Предлогот за донесување на еден ваков закон, туку и од дискусијата на министерот за правда произлезе потребата од донесувањето на овој закон. Јас морам да кажам дека не слушнав ниеден аргумент кој што би се движел во спротивна насока, освен, напротив, аргументи кои министерот ги изнесе дека овој закон што поскоро треба да ги донесеме. Имено, морам да го кажам следното.

По Предлогот за донесуваше на ваков закон од г-дин Аце Коцевски, во РМ ниеднаш не сретнав , ниту во медиумите, ниту на било кое место Владата да се изјасни дека работи и има потреба од донесување на ваков закон. Имено, се согласувам со она што го рече г-динот Спасов, дека Владата на РМ многупати досега најави дека работи на донесување на закон за државната управа. Ваквата потреба беше најавена уште со формирањето на овој Парламент и знаете вие дека голем број пратеници се залагаа за тоа. Но досега јас навистина не сретнав ниеден предлог, ниту некаде во медиумите или било каде Владата да укаже на потребата за донесување на овој закон.

Напротив, со предлогот на г-динот Коцевски веќе во мислењето што Владата го донесе, дури тогаш прв пат сретнав дека работела на тој план.

Втора работа која што г-динот минситер ја изнесе дека работеле на овој план, но со ниеден збор не кажа кога планира овој закон да излезе пред Парламентот, дали ќе биде во овој состав или можеби во некој друг состав.

Трета работа, не слушнав ниеден аргумент со кој ќе бидат би рекол аргументите кои беа изнесени од предлагачот негирани. Тоа е во однос на тоа прашање.

Второто прашање кое сакам овде да го изнесам, зошто има потреба од донесувањето на еден ваков закон. Сакале или не да признаеме за секој , почнувајќи од нас овде, нивото на кое што е доведен општествениот морал во оваа држава, секој обичен граѓанин пред се за пратеник, министер, за секој еден носител на јавна функција, првото мислење кое што го има е дека е арамија. Сакале или не да го признаеме тоа, првото кога ќе не сретнат граѓани вака од околу ќе речат - еве еден од овие арамиите. Сакаме или не ние мораме да дистанцираме кој е оној носител на функција во текот на обавувањето на својата функција кој ја искористил својата општествена положба или положбата во државата а кој не ја искористил. Ние не смееме повеќе да одолговлекуваме на овој план и точно треба да дистанцираме за секој поединечно носител на функција во РМ. Во спротивно и понатаму не само угледот поединечно на секој од нас, туку и угледот на институциите каде што ние припаѓаме, институциите во кои во одреден период

работиме ќе го губат угледот во РМ. Ако и Владата работи на ваков закон, ако и Владата смета дека треба ваков закон да се донесе, не ја гледам причината зошто не го поддржува предлогот за донесување на овој закон, бидејќи г-динот Коцевски како предалгач кажа дека го повлекува Предлогот на закон, што значи дека во секое време стои на располагање да се седне и да се изнајдат заеднички решенија. Имено, ние сега на оваа седница можеме само да ја оцениме потребата за донесување на овој закон, на крајот на краиштата и самиот наслов онака како што предложи министерот дека не соодветствува и насловот, и самиот наслов трпи амандмански измени и сите членови ако сакате од прв до последен можат да. се изменат во тој период, дали од страна на предлагачот или со амандмани од страна на Владата или одделни пратеници.

Затоа, сметам дека нема ниту еден валиден аргумент кој што би зборувал дека нема потреба од донесување на овој закон. Напротив, донесувањето на овој закон ќе го зацврсти угледот на институциите во државата Република Македонија и угледот на секој еден носител на јавна функција во РМ. Во спротивно, и понатаму сметам дека ќе се има желба во ист кош да се стават и оние кои ја злоупотребиле својата функција и оние кои најчесно во мандатот на својата функција тоа го обавувале.

Затоа, според мене негласањето по овој закон, автоматски го сметам за натамошно поддржување на организираниот криминал и корупцијата во РМ.

XII/6.-

**ЏЕЛАДИН МИРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Колеги пратеници, за самата содржина и суштината на законот не чувствувам голема потреба да зборувам, бидејќи министерот во неговото излагање со ниеден збор не кажа контра - аргументи, односно зборови со кои негира изводи или делови од законот, со што јас подразбирам дека тој потполно се согласува со содржината и текстот на законот. Го прифаќам неговото размислување за евентуално дополнување и збогатување на текстот, но јас би прашал зошто тоа дополнување и збогатување на текстот не оди по постапка што е регуларна , односно да се пријават амандмани и да расправаме на оваа седница или на следната седница што ќе биде за подобрување на текстот. Наеднаш ни се нуди идејата дека ете Владата подготвувале некој фамозен текст кој никој не знае каде е и дека тој текст некогаш некаде ќе биде направен и ќе го видиме ние. Тоа многу ме потсетува на настани кои се повторуваат повеќе пати во овие клупи, односно кога се предлагаат предлог-закони од Пратеничката група на ЛДП, на тој начин неаргументирано се истапува во смисла се предлага нов закон кој ќе ја опфати пошироко таа материја или не е време за тоа да расправаме и слично и тие предлог закони се отфрлуваат Или пак се наоѓаме во ситуација понекогаш кога ние како пратеничка група бараме некоја информација од оваа говорница да ни се сугерира од страна на Владата - немојте да барате информации, поставете пратеничко прашање. Или кога ќе поставиме пратеничко прашање се случува по две ипол години да не добиеме

одговор на прашањето. Јас искрено прашувам дали овој закон кој сега го предлага г-дин Коцевски нема да ја доживее истата судбина како и законот кој истиот господин, истиот предлагач го предложи односно законот за промена на името од Титов Велес во Велес. Кога тој закон беше предложен, господинот Коцевски доживеа невиден напад од страна на Владата и некако се префрли сето тоа како лична борба против него». Испадна Владата молкум со законот за територијална одбрана да го промени името од Титов Велес во Велес и тогаш беше се нормално, беше вред. Кога го предлагаше тоа господинот Коцевски, затоа што го предлага тој. Јас би ги компарирал тие работи и многу други кои се случуваа, кои се во тесна корелација и појасно ја отсликуваат ситуацијата околу ваквите предлози. Зошто, отворено прашувам, Владата не пристапи конструктивно кон овој предлог со своите дополнувања и соработка со предлагачот да се најде начин овој закон да влезе во процедура, бидејќи и самите знаете дека е подобро некаков, условно речено и лош закон отколку никаков. Ние сега немаме никаков закон за таа област. Далеку од тоа дека овој закон е лош бидејќи и министерот не кажа лош збор за текстот, едноставно рече дека трпи дополнувања, што веројатно и предлагачот би се согласил да разговара на тема дополнување и нови предлози.

Сепак би замолил да размислиме на темата , сите сме ние пратеници овде, дозволете ние да си ги обавуваме своите уставни ингеренции, односно да имаме можности да предалгаме закони и тие закони да одат во нормална постапка како што би требало да одат.

XII/8.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, со оглед на тоа дека имаше опширни дискусии ќе бидам краток и сосема накратко сакам да ги изнесам своите видувања во врска со овој закон и да ја дадам поддршката на потребата од донесување на овој закон. Повторувам, потребата, бидејќи се работи само за прва фаза на законот, а во меѓувреме по донесувањето на предлогот за донесување на овој закон, имаме доволно време и ние како пратеници и Собранието воопшто и собраниските комисии да согледаат кои аспекти се пропуштени од овој закон, односно она што е предложено во овој закон да се измени или да се дополни, така што навистина во втората фаза би можеле да дадеме доста измени и доста поголем придонес во смисла на подобрување на овој закон, во смисла и на она што го кажа претставникот на Владата, министерот Горѓи Спасов, во смисла на она што беше изнесено од самиот предлагач и колегите пратеници, бидејќи се неопходни проверки и на искуствата од другите држави,а предлагачот кажа во своето образложение дека од десетина земји ги проверил искуствата во оваа област. Од таму сметам дека нема никакви пречки на оваа седница да го поддржиме предлогот за донесување на овој закон, што значи прва фаза на самиот закон.

Уште еднаш да кажам, давам целосна поддршка на предлогот за донесување на овој закон и ги молам пратениците исто така да дадат поддршка за донесување на овој закон, бидејќи она што е предложено во него, ништо не е страшно, се работи само за пријавување на имотот на функционери, а може да се прошири и на други лица, односно да се извршат одредени модификации на овој закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, навистина се отвора една интересна тема по еден предлог за донесување на закон, наместо да се разговара во законот, освен предлагачот, другите укажуваат на одредени правни значења на предлогот за донесување на законот и се кажува дека законот нема ништо страшно - тезата на последниот говорник. Се работи за предлог за донесување закон кој ќе регулира една многу важна област, а тоа дали во еден закон има нешто страшно или не, ние сме овде да донесуваме добри и осмислени, издржани закони. Или другата теза која на оваа говорница и денес беше кажана од еден говорник, а повеќе во работните тела, она што го предлага опозицијата, позицијата не го прифаќа, и ова е еден таков закон, што беше демантирано во досегашното работење на денешнава седница. Владата прифати со позитивно мислење два закони од опозицијата, а согласно работата на деловникот и процедурата на

донесување на законите, Владата кога овластен предлагач согласно Уставот е друг освен Владата, дава мислење. Или тезата која беше

- кој не е против закон е криминалец или е За што се работи во суштина? Точно е дека имаме предлог за донесуваше на закон за регулирање на една област од која има потреба. Неспорно е дека има потреба за регулирање на оваа област и самиот предлагач ги кажа причините кои го навеле зошто го предложил овој закон, бидејќи не е регулирана областа, би ги. користел искуствата и слично, и предлагачот ги наведе основите и начелата врз основа на кои работел. Тоа е врз основа на искуствата на други држави, врз основа на искуствата од нашата земја, нерегулираниот дел и се повикуваат на самиот уставен основ како предлагач. Значи во тој дел не е ништо спорно. Имаме овластен предлагач, имаме уставен основ за предлагање на ваков дел и имаме потреба од донесување. За што се работи? Неколку пратеници кажаа дека на оваа седница ќе ја утврдиме потребата. Согласно деловникот за донесување на закони и процедурата досегашна во првата фаза, во предлогот за донесување на закон, не се работи само за утврдување на потреба. Покрај утврдувањето на потребата, се утврдуваат и основите и начелата врз кои се гради тој закон и покрај уставниот основ, се оценува дали текстот или нормата

- обично предлозите за донесување на закон се предлагаат во норма, нормативен дел по членови, можат да бидат содржински, доведува до изведба на правниот систем. Во оваа фаза претседавачот на Собранието донесува таков заклучок и го задолжува овластениот предлагач да предложи, согласно Собранието како ќе одлучи, нацрт или предлог на закон. Во дадениот случај сето ова е точно од страна на предлагачот. Што се случува?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:** (Продолжение)

На работните тела и на оваа седница се јавува другиот учесник во постапката кој е овластен и кој согласно претседателот на Собранието кога освен Владата се јавуваат како предлагач пратеник кој е најлегитимен и рамноправен предлагач со Владата, тука не е ништо спорно или 10 илјади граѓани, се бара мислење од Владата. Зошто и тој институт во Деловникот и таа процедура измислена мислење од Владата и за конкретниот случај сигурно на оваа седница ќе имаме уште два случаи закони предложени од пратеникот Томислав Стојановски. Тука настанува она недоразбирање и одредени односи во секој парламент, позиција, опозиција како во дадениот случај. Владата едноставно и министерот денеска кажаа зошто даваа мислење да не се прифати овој закон. Тука би се задржал малку во објаснувањето Дајте да го прифатиме законот, па потоа ќе го менуваме со амандмани. Не може така. Доколку Собранието во втората фаза утврди дека предлагачот отстапил од основите и начелата во кои ги утврдил ова Собрание тогаш се враќа во претходна фаза. Владата во дадениот случај за оваа многу важна материја со која беа изречени такви зборови пратениците од опозицијата не прифаќаат или сите не нарекуваат со едно или со друго име. Владата, можеби има одреден недостаток што беше констатиран не предложила до сега на Собранието ваков закон за регулирање, но Владата кажа тука е и министерот, на комплексен начин врз основа на искуствата ќе дојде до доградба и поголема изградба на правниот систем во повеќе сфери.

Да ја свртиме работата од другата страна. Зошто во тој дел на оваа соработка кога сите сме заедно да носиме закони кои ќе бидат применливи особено сега кога повеќе се работи за пратениците или

министрите и дадениот пратеник предлагач на овој закон заедно со Владата не покаже тој гест на добра волја и Парламентот да утврди заедно со министерот рок во заклучок тој да го повлече во тој дел и да ја задолжиме Владата, ние не можеме без министерот во рок од месец дена на Собранието да му предложи комплексен сеопфатен закон со кој ќе ја регулираме оваа материја. Тоа е оној друг дел на другата страна до пратениците кога сме сите на едно исто да градиме добри закони кои ќе бидат применливи или не сакам да го речам тој збор затоа што најискрено верувам и во работните тела во најискрените намери на предлагачот. Предлагачот во дадениот случај иако имаше одредени мислења дека во претходниот дел на искажуваше во дадениот случај се работи за најискрени намери бидејќи во претходниот Парламент и овој Парламент имавме преземање на членовите на Владата кога потпишуваа изјави, кога беа бирани во ова Собрание па немаше контрола, во дадена состојба и ние како парламентарци во еден дел на еуфорија потпишавме одредени изјави кои подоцна утврдивме дека не придонесуваат многу за аферата ТАТ во однос на имотната и нашето инволвираше и мешање. Сметам дека во дадениот случај и од правен аспекти од суштински аспект не да се закопуваме во тоа дали опозицијата или позицијата за вакви прашања а овде што беше споменуван случајот, видете за случајот со Велес или Титов Велес го предложи опозицијата го прифати член на Владата, тој е закон со еден збор, се работи за сложен, обемен закон, во кој влегуваат именуваните и сите функционери од министри што треба да се регулира. Не зборувам и не навлегувам во содржината на законот во овој дел освен предлагачот никој не дојде, сметам дека би било поприфатливо бидејќи настанува

интересен правен случај што е регулиран. Ние можеме од правен аспект и Владата можеше да предложи , ние во овој Парламент сме имале во исто време за иста материја, за иста работа два закони во процедура. Немојте правото на опозицијата да им го земате правото на позицијата, овде се работи позицијата смета дека Владата ќе предложи подобар закон. Едноставно кажано закон на кој самата вика на покомплексен начин ќе ја регулира оваа материја. Немојте да го земате правото и да лепите етикети не сакаат да се утврдува имотната состојба и слично, кога позицијата има еден закон и тие сметаат дека ја регулира. Владата со сите свои органи, институти, вклучување на меѓународен дел како што кажа министерот, смета дека овој закон во своето мислење не ги задоволува тие норми и потреби.

Не би се впуштил во вториот дел на Владата кога и предлагачот го коментираше тој дел, сметам дека и во тој дел малку е составен од страна на Владата со одредени свои слободни коментари инаку првиот став, од мислењето на Владата потполно го поддржувам од овие изјаснети причини и сметам дека за ова прашање не се работи за никаков маркетинг од опозицијата, тој и да се поддржи, односно да не се поддржи заклучокот кој ќе го предложи претседавачот на Собранието, а во тој заклучок потоа ние да формулираме одреден временски рок со кои Владата ќе излезе и двата закони Владата во дадениот случај е должна да ги почитува искажаните норми односно содржината на овој закон. Владата ќе мора во вид на мислење онаа друга страна мора да го коментира одреденото запазување и укажување во предлогот за донесување од пратеникот Аце Коцевски. Сигурно оние добри страни таа ќе ги прифати за да дојдеме до еден закон,  кој во една побрза постапка

ќе го донесеме и сигурно за нас не можеме во овој Парламент, но да создадеме услови за идниот Парламент или идните парламенти да можат да бидат регулирани оваа важна област од имотниот дел на избраните и именуваните функционери.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседавач, дами и господа пратеници, ќе продолжам на завршетокот на дискусијата на претходниот дискутант. По мене,ако не се усвои заклучок дека има потреба од донесување на овој закон предложен од пратеникот Аце Коцевски, а да се донесе заклучок да се задолжи Владата во одреден рок да предложи како што стои во Мислењето на Владата, комплексен закон од оваа материја, сметам дека тоа фактички не е обврзувачко за Владата односно спротивно мислам од колегата Гештаковски, дека тоа нема ниту уставна ниту деловничка обврска за одредено срочно предлагање на посодржина соодветен акт на овој што го предлага колегата Аце Жоцевски.

По Уставот и по Деловникот обврзувачки е ако влезе во процедура некој закон, а не ако со заклучок се побара од Собранието извршната власт која веќе навлегува во уставната поделба и самостојноста на извршната и законодавната власт е подеднакво во право и подеднакво е надлежно со овластувањето како што Парламентот може да побара да се донесе закон таа како самостојна извршна власт

воопшто да не предложи закони и да не се влезе во собраниска процедура. Друга е состојбата кога ќе се утврди дека има потреба од донесување на овој закон, па предлагачот мислам конкретниот предлагач пратеникот Аце Коцевски а исто така во ист ранг овластениот предлагач Владата како извршна власт да се вклучат во донесувањето на втората фаза, а ние имаме такви случаи во овој шест и пол годишен период на работа и одлучување на Собранието по одреден закон кој во прва фаза е поминат во втора фаза предлог на закон се јавуваат двајца овластени предлагачи конкретниот случај и пратеник или пратеници, а и Владата. Тогаш е тоа обврзувачки и во тој случај Владата во рок од 60 дена мора да предложи: закон. Вака тоа не значи ништо и мислам дека суштината на одлагањето е тоа да не значи ништо од аспекг на тоа вистинската причина за неприфаќање на потребата од донесување на овој закон кој, како што кажа колегата Гештаковски, содржински никој не го образлага, Многу е јасно нема што содржински освен коментарот на нужно објаснување што го даде предлагачот Коцевски дека тука се работи за законско уредување на потребата односно неопходноста од евиденција на имотот стекнат за време на функциите на именуваните и избрани функционери. Тоа е едниот клучен момент и она евидентирање на имотот кое се подвргнува под тајноста на податоците да биде право на односното. именувано лице да даде податок или да не даде, но во исто време во зависност од тоа дали ќе даде податок или нема да даде да зависи и неговото оценување од јавното мнение.

Ве молам, разликата во основните начела, овде основните начела се многу јасни. Ако е неспорно и од Владата и од претставниците на СДСМ дека потребата е евидентна, неспрона, тогаш разликите во основните начела тука е едно основно начело тоа е контрола на Парламентот, контрола на граѓанството, контрола на јавноста врз имотната положба на именуваните и избраните функционери за време на остварување на функцијата. Тоа е основно начело дали би го предложил овој закон пратеник дали би го предложила Владата. Она што е најбитно тоа е уставноста и законитоста, како рамноправност на сите а во тие сите и за именуваните и бирани лица.

Сметам дека е за поздравување и афирмативно е од аспект на тоа што подносител на предлогот аз донесуваше на овој закон е пратеникот Аце Коцевски, но ние како пратеници и како Парламент истото го усвоиме бидејќи навистина тоа е од директна зависност со директно влијание со директни последици врз функционирањето на правната држава, бидејќи во функционирањето на правната држава во нејзините органи и сегменти се извршители именувани и бирани лица токму овој закон е во прилог на тоа, имајќи го во предвид обврските од овој закон за контрола над имотот за време на вршењето на функциите на бирани и именувани лица, тоа е поголема инстанца на надзор од јавноста од Парламентот, од граѓаните, тие бирани и именувани лица ги вршат доследно законски своите задачи и обврски од делогкругот на надлежноста на функцијата на која се бирани или именувани. Тоа е директен придонес за правичност и доследност во спроведувањето на функционирањето на правната држава. Тоа е основната цел, тоа е основното начело и потреба од уредување на овие односи.

XIII/7

Друга причина јас мислам дека не се сака овој закон да се прифати сега да се донесе да не се однесува на бираните и именувани лица кои се сега на актуелната власт, Сметам дека тоа е основната причина, туку тоа да го одложиме се до тогаш додека дали толку комплексно и опсежно ќе го подготвиме овој закон за да го донесеме тогаш или кога ние нема да бидеме на актуелната власт или кога тоа треба да го донесат други што зависно од изборниот резултат. Мислам дека тоа е основната причина инаку довде ако го коментираме мислењето од Владата освен тоа дека Владата се подготвува на комплексен начин го реагира ова прашање и во таа комплексност ќе ги земела во предвид и етичките норми на однесување на бираните и именувани лица мислам дека е без реална основа.

Прво, етички норми не се регулираат со закон и тоа не држи како аргумент за неприфаќање на законска содржина и од друга страна едноставно начелното укажување дека на покомплексен начин ќе се уреди незначи дека е спротивно со основните начела и содржини што самиот закон ги содржи во предлогот на пратеникот Аце Коцевски.

Од тој аспект сметам дека Собранието, бидејќи ќе повторам во 11-та фаза не е исклучено зошто пратеникот Аце Коцевски како предлагач на овој закон се вклучил во постапката на Владата Дајте да направиме еднаш Владата која служби и материјално финансиски средства таа да се вклучи во 11-та фаза на донесувањето на Предлогот на законот па нека ги вгради и тие комплексни и етички норми што треба во основните начела да ги содржи овој закон.

Од тој аспект сметам дека не држи неаргументирано неосновано е мислењето на Владата, целите не се5тие кои се јавно истакнати, туку напротив, целата вистина е да не се донесе овој закон кој ќе повторам, е во директна влијателна врска со тоа да правилно функционира државата во однос на доследното законско остварување на оние кои ја вршат власта во овој актуелен момент.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Прифаќам дека е право на опозицијата да не и верува на Владата, а исто така опозицијата по овој повод едноставно се обидува да извлече теза дека сето ова претставува една манипулација со која всушност се избегнува законското регулирање на оваа материја и дека е ова всушност еден празен простор кој е нерегулиран и недозволува простор за натамошна манипулација.

Сакам само да ви кажам прво и прво не е точно дека целокупниот проблем на злоупотребите на јавните функции не е регулиран во оваа држава. Напротив, како што знаете, Македонија има и нов кривичен закон со кој многу добро се уредени прашања кога се злоупотребуваат функциите, кога се прима поткуп, кога се прави криминал кога се корумпираат членовите и тн. Меѓутоа, праксата ни покажува не само во нашата земја, туку во голем број на земји дека таквите кривични обиди, а тоа законодавство многу тешко се спроведува затоа всушност целокупната законска регулатива за борбата против корупцијата, а

борбата против злоупотребите на 'јавните функции подлежи на едно целосно испитување поготово во целиот свет. Истовремено во тој свет не се непознати примерите за евидентирање на имотот на јавните функционери. Вие знаете дека со една таква пракса постоеше дури кој крајот на пропаѓањето на комунизмот кога бившите комунистички функционери даваа такви изјави и беше од самиот предлагач кажано дека всушност таквите изјави особено кога се во надлежност на некоја комисија за именување на Собранието, и кога истовремено самиот мора да даде согласност да и бидат достапни на јавноста податоците за неговиот имот всушност не дадоа некои резултати. Од таму тоа е враќање на една стара пракса која комбинирана со нефункционирањето на некои одредби од кривичниот закон не дава ефектни резултати во светот. Заради таа работа Владата меѓу другото ангажираше експерти да проучат како функционира тој систем во повеќе држави во светот за да може навистина да излеземе со едно решение кое меѓу другото нема да бифе расфрлање на прав во очи. Ние не сакаме со некој закон кој ќе се сведе само на самото регистрирање на имотот на јавните функционери да фрлиме прав во очи и да кажеме на овој начин ние всушност се бориме против криминалот, а всушност да ги испуштиме од предвид оние решенија кои веќе даваат резултати во развиените земји во светот. Тоа беше интенцијата на Владата и од таму е предлогот на Владата всушност да не се прифати овој Предлог на закон и јас како министер во Владата ви кажувам дека до крајот на годината ќе имате таков предлог на закон од страна на Владата во овој Парламент.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-динот Стојановски процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Само процедурално, да замолам поради обврските кои ви се познати точките 10 и 11 предлозите на закони за државен печат и печат и жигови да бидат одложени за наредната седница.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор, г-динот Шапуриќ, но најпрвин да ве прашам на кого се однесува репликата.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

По излагањето на г-динот Гештаковски

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

По Гештаковски зборуваше Минов, па потоа министерот.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Не е моја вина што не ме видовте. Не се јавувам за редовна дискусија туку за реплика. Потпретседателе вие не ме видовте, не е моја вина што не ме видовте кога кренав рака.

Се работи само на осврт на зборовите на г-динот Гештаковски кој реплицираше на моето излагање каде што рече дека не е ништо страшно. Јас тоа го кажував во еден контекст со цел да го освежам

ограбувањето на еден мал дел од пратеници кои очигледно се исплашија од донесување на овој закон.

Верувам дека огромно мнозинство на пратеници воопшто не се плашат од овој закон и дека се работи само за потребата јавноста да биде запознаена со имотната состојба на функционерите. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-динот Гештаковски реплика.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас морам да кажам дека најискрено бев убеден во намерите на Аце Коцевски за предлагање на овој закон. После станувањето на пратеникот Панчо Минов и Шапуриќ се мислам дека одредени пратеник сметаат дека со донесувањето на овој закон и воведување на евиденциајта со сегашната состојба и со расчетување во 6 месеци се бара некоја друга состојба да се легализира.

XIV/1.-JM/OM

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Господине потпретседателе спомнувањето значи и по име и како претходен дискутант. Дали се работи за некои состојби поранешни, или сегашни г-динот Гештаковски и другите пратеници можат да поднесоа амандмани и се она што ќе биде конструктивно во врска со овој закон, ние како пратеничка група на ЛДП , а верувам и самиот предлагач ќе го подржи. Така што гласајте за потребата од донесување на овој закон, па ќе се види кој е за што.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Колеги пратеници би сакал да пробаме , да размислиме на следното. Од оваа говорница ни се нудеше сега варијантата да не го поддржиме предлогот на г-динот Коцевски, односно Собранието да каже дека нема потреба од донесување на ваков закон. Бидејќи ако ние сега не донесеме одлука со која ќе кажеме дека' има потреба , јасно кажуваме дека нема потреба од донесување на ваков закон. Тогаш Ве молам кажете ми каква е идејата да Владата ни нуди закон од иста област во рок од месец дена кога сега ние ќе заклучиме дека нема потреба од носење на таков закон. Дали ние со ова не влегуваме во еден зачаран круг и сами себе да се лажеме , а патем да ги лажеме и сите граѓани на Република Македонија. Ако ние одлучиме сега дека нема потреба од носење на овој закон, тогаш е јасна насоката и препораката на Владата да постане со евентуалните активности која ги имала за подготвување на овој закон и да го тргне сето тоа на страна бидејќи навистина нема потреба од носење на закон од оваа област. Така и г-динот се искажа според тоа би молел да размислиме на оваа работ аи да заклучиме дека

навистина има потреба од носење на овој закон. А втората фаза кога ќе биде , во кој облик ќе биде, во каква форма ќе биде останува на предлагачот и на Владата заеднички да ја дополнат и да ја доработат и да ни ја предложат нас. Бидејќи многу несериозно и многу некоректно ќе биде да речеме навистина нема потреба, ако така се согласуваме сите ние, ако така изгласа мнозинството од СДСМ, а после месец дена да добиеме закон и тој закон да го изгласаме.

Второ, би сакал да кажам и следното. Беше спомнато дека позицијата, односно Социјал-демократскиот сојуз поддржува и закони од опозицијата како овој што беше пред две точки за ослободување од плаќање на судски такси на штедачите од штедилниците. Јас морам да потсетам дека тој закон во првата , во првиот предлог не беше прифатен од Социјал-демократскиот сојуз и беше одбиен. Моравме по втор пат да го предложиме со ист текст не променет на ниедна запирка, но заради разни други особености на тој закон помина.

Трето, морам да повторам дека тој закон беше точка на дневен ред на Законодавно-правната комисија пред два дена и за жал не се расправаше по овој закон само заради тоа што Владата не доста- вила мислење. Јас морам да потсетам дека сепак пак се јавува точката на евентуална поместеност на улогите и функциите во Парламентов. Да е Парламентот тој што мора и треба да чека мислење до Владата , или миже да чека мислење од Владата, или обратно Владата е таа што треба да чека и мора да чека закони и одлуки од Собранието. Значи произлегува дека ние ако немаме мислења од Владата едноставно мора да се закочиме и да не размислуваме. Дури откога ќе се донесе тоа фамозно мислење од Владата, ете можеме да одлучуваме. Така што сепак мислам дека се изместени работите и би молел да размислиме на таа работа бидејќи ова што ние го изместуваме сега некој после нас ќе

треба долго време да го враќа во старата форма и онака како што треба да биде.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Г-дине потрпетседателе, дами и господа пратеници денеска не осеќав за потреба да продискутираме, но со оглед на дискусијата која се отвори по тој законски проект, чувствувам за потреба да кажам неколку збора.

Не е точна констатацијата дека овој законски проект што се нуди денеска се одбива од причини што Република Македонија нема потреба од донесување на тој законски проект и гледајќи го стариот законски проект и материјата која се труди да ја регулира , нормативно да ја уреди за да можеме и тој дел од правниот систем да го покриеме кој сметаме дека стои отворен , сметам дека таквиот законски проект ниту номотехнички, ниту конзистентно како нормативен акт кој треба да ја уреди таа материја почитувајќи ја целокупната правна нормaтива која ја има Република Македонија во хоризонтална смисла ќе стои како една декларација која во хоризонтална смисла ќе направи колизија помеѓу законските проекти кои ги имаме, а тоа се кривичниот закон и сите други казниви закони за кои основната интенција на тој законски проект да ја уреди и таа материја. Факт е дека со тој законски проект кој денеска се нуди сака да се заштити, или да се уреди една материја дека јавните функционери во вршењето на својата функција злоупотребувајќи сакаат да го зголемат својот имот. Тоа му е основната интенција на предлагачот да ја уреди таа материја. Сега гледајќи го законскиот проект како што е номотехнички напишан, а исто така каде што се употребуваат

дефинираните како што е договор за поклон , како што е стекнување на имот по оригинален и деривативен начин како што се сите системски закони кои ги уредуваат имотно-правните односи во Република Македонија, овој законски проект на подруг начин ги уредува и мислам дека нешто што е уредено со закон , со системски закон за имот и нешто што е уредено како кривично дело во кривичните, или во казнените закони на Република Македонија со еден ваков начин на уредување не смејат на подруг начин да се уредат, затоа што дефакто во РМ ќе предизвикаме и хоризонтална колизија помеѓу законските проекти. Оттука сметам дека овој закон во суштина без номотехнички способен, или да во регулативниот капацитет кој го нуди самиот законски проект да ја уреди таа материја дефакто само ќе овозможи во РМ јавните функционе да бидат шиканирани без да се утврди конкретна постапка за нивната вина, за злоупотреба на својата функција. Оттука и министерот за прав оправдано го поставува проблемот, дали со ваквиот законски проект со неговата номотехничка способност како што е понуден сега , дали во неговиот регулаторен капацитет како законски проект , дали во хоризонталната колизија на уредувањето на материјата со сите други казниви закони во суштина ќе настане една хармонишна целиансо целокупното наше законодавство во Република Македонија. отука сметаме дека овој законски проект е крајно сиромав и не ја уредува материјата и ние веќе го надминавме тој живот, ја имаш куќата, врати го станот, а немаме никаква казнена мерка за одредено сторено дело, во суштина законот го претвараме само во обична декларација од една страна, а од друга страна на нечесен начин на политичките функционери кои се избрани с народот и од Владата сакаме да му направиме нешто што нема да биде чесно за нешто што не го сторил, а да му стои со овој законски проект преку објавувањето на имотите, толкувањето на имотите

без основа на докажувањето на правото како го стекнал имотот, а во суштина тоа ќе значи деградација на личноста и спротивно на членот 25 од Уставот каде самиот Устав се декларирал дека ние треба да го штитиме угледот, честа на секој граѓанин во Република Македонија. Па оттука ние ја почитуваме иницијатива на г-динот Аце Коцевски, но стоиме дека ние не сме против донесување на таков закон. Ние сме против донесување на овој закон, бидејќи нема да ја постигне основната цел за која се нуди.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас се обидувам да имам потполно разбирање за позицијата на почитуваниот г-дин Спасов министер за правда, меѓутоа морам да кажам дека сум разочаран од фактот што иако е министер за правда овде се обиде во два наврати да ги помеша работите . Не верувам дека тоа е од незнаење, туку можеби е од недоволно внимание при употребата на формулациите. Имено министерот Спасов рече лека во тек е подготовка на закон за државни службеници, за етика, етично однесување на државните службеници, или чиновници и тоа го употребуваше со значење како за функционерите. Јас би сакал да Ви кажам дека точен е фактот дека во Македонија воопшто не е регулирана областа на државната управа и за жал иако поминаа седум години од самостојноста на Република Македонија, нашата Влада премногу, премногу доцни со предлагањето на пакетот закони кои ќе ја уредат оваа област како што е законот за државната управа , Законот за државни службеници и чиновници и за плати на државните службеници и чиновници. Меѓутоа тоа во никој случај не значи дека тој закон за државни службеници се однесува и за избраните и именуваните функционери. Под државни службеници се подразбираат сите вработени лица во органите на

државната управа завршувајќи со потсекретар во министерство, или помошник на министер во секое министерств од Владата на Република Македонија, или соодветни функции во Владата. Што значи дека одредбите за етичкото однесување на службениците во органите на државната управа воопшто не важат, не се однесуваат за избраните и именуваните функционери, туку за таа област е неопходно потребен друг закон . Исто така, разочаран сум од фактот што како и Владата, така и министерот воопшто не употреби правна аргументација за одбивањето на овој закон, туку пред се политички квалификативи поради кои се одбива донесувањето на овој закон. Можеби нема потреба од тоа, меѓутоа заради изјавите на министерот за правда на Комисијата за политички систем и на оваа говорница ќе си земам за право да го прокоментирам тоа што го кажа дека во Владата на Република Македонија веќе една година експертски тим од надвор во соработка со експерти, од Македонија и од Правниот факултет работат на изготвувањето на пакетот закони кои меѓу другото ќе ја регулираат и оваа област. Би сакал да кажам дека тоа е спротивно тенденција од тенденциите кои ги прави државниот врв на Република Македонија и сите поважни политички партии во Македонија за приближување, или усвојување на стандарди во Република Македонија за приклучување кон Европската унија и НАТО- пактот. Ангажирањето на експерти од САД кои сигурно ќе ги прават законите во Република Македонија според терковите на американскиот политички систем кој доста се разликува од европскиот политички систем, мислам дека несоодвејствува на тенденциите за ускладување на правниот систем на Република Македонија што значи законите кои треба да ја регулираат оваа област со соодветното законодавство на Европската унија и мислам дека тоа не е добро. На страна фактот што мислам дека државната администрација

па и министерството за правда е толку бројно што не гледам резон за вакви законски проекти да се ангажираат за добри хонорари професори од Правниот факултет од кои да не ги именувам еден добар дел доста пари заработија во изготвувањето на закони кои Владата овде ги дава како предлагач пред Собранието на Република Македонија затоа што тврдам дека истите тие експерти ќе дојдат до тие сознанија до кои успејав и јас да дојдам користејќи со помош и на нашите амбасади во Европа законски регулативи од земји со сличен степен на развој и од други земји со долгогодишна парламентарна традиција. Од тој аспект воопшто не ме секираат мислењата на г-динот Туше Гошев затоа што јас Ви тврдам дека тој закон што јас го предложив е закон кој е да речам прилагоден за политичкиот систем во Република Македонија. Меѓутоа тоа се законски одредби кои веќе функционираат во еден добар дел од држави во Европа каде што воопшто нема колизија меѓу правниот систем што регулира одредби од оваа област со делот каде што се одредуваат прекршоците и казнените мерки. Јас дури би бил во начело спремен да го прифатам тоа што многу добронамерно го кажа почитуваниот г-дин Гештаковски, меѓутоа воопшто не гледам такво расположение од страна на Владата. Инаку искрено Ви велам дека единствена цел при предлагањето на овој закон ми беше фактот, односно мојата оценка дека е неопходна потребата од донесување на ваков законски проект за да се зголеми одговорноста во извршувањето на функциите од страна на избраните и именуваните функционери во Република Македонија заради фактот дека навистина меѓу тој тенок слој на луѓе во нашата држава кои успејаа за кратко време на многу едноставен начин благодарение на блиските врски со власта, полицијата, царината успееја да се збогатат се разбира и за да се отфрлат обвинувањата од другите функционери ко!

чесно и поштено си ја извршуваа својата работа. Би сакал на крајот да кажам дека пристапот на Владата во концептот што можев да го добијам во последните неколку дена не соодветствува со тоа што според мое мислење би требало да се прави во Република Македонија затоа што концептот на законот за конфликт на интереси , си земам за право да го коментирам, затоа што за тоа зборуваше г-динот Спасов. Инаку тоа не е јавен документ, тоа е текст на нацрт верзија на тој закон. Мислам дека во основа се разликуваме во концепцискиот приод и не знам дали тука би можеле да се најдеме со Владата, затоа што тој закон едноста: но претставува список на стандарди на етичко однесување на избраните и именуваните функционери во Република Македонија. Според мене тој пристап не е добар, затоа што стандардите на етичко однесување престануваат да бидат само стандарди во оној момент кога ќе бидат вградени како прецизни законски одредби во тој соодветен закон за кој ќе бидат предвидени соодветни казниви мерки. И мислам дека предлагањето во тој закон за формирање на совет за конфликт на интереси кој меѓу другото ќе има и мандат да изречува парични казни на функционери за кои ќе оцени дека се огрешиле од законот претставува поголема контрадикторност со правниот систем во Република Македонија од она што го зборуваше г-динот Туше Гошев, затоа што за такви санкции единствено надлежни се судовите според законот за прекршоци и според Кривичниот законик на Република Македонија, а во никој случај тоа не може да го прав некојси совет кој ќе биде составен од претставници кои ќе ги делегира претседателот на Републиката, Владата, Републичкиот судски совет, Парламентот и не знам уште кој. Чувствував потреба да го кажам сосема на крајот. Ќе ми биде драго доколку Владата навистина за кратко време предложи закон со кој конечно ќе се регулира оваа материја.

XIV/9.-

**ЏЊЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за пријавување на имотот на избраните и именуваните функционери.

Второ пратеникот Аце Коцевски ќе изготви и на Собранието на Република Македонија ќе му достави Предлог на закон за пријавување на имотот на избраните и именуваните функционери при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија и мислењата и предлозите на Владата на Република Македонија.

Овој заклучок да се достави до пратеникот Аце Коцевски, Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (2 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?

43 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

XV/1. - ПЈ/МЈ1

**ЏЕЈ1АДИН МУРАТИ : (**ПР0Д0Ј1ЖЕНИЕ)

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за данокот на додадена вредност.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работни- те тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

За збор се јави господинот Таки Фити, министер за финансии

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господинте потпретседателе, дами и господа, почитувани пратеници.

Станува збор за прво читање, односно за прва фаза од овој закон, меѓутоа, имајќи го предвид фактот станува збор за извонредно значаен закон од областа на даночната сфера, ќе ве замолам да ми дозволите сосема накусо да дадам вовед -за да можат пратениците да ја сватат суштината на овој предлог и, се разбира, да дадат соодветни предлози и сугестии по предложениот текст. Имено, станува збор за еден од најзначајните закони од даночната сфера и би рекол за еден, најверојатно, најрадикалните закони со кои што дефинитивно нашиот даночен систем се приближува до стандардите на европските земји и воопшто на земјите со развиена пазарна економија.

Често пати законот за додадена вредност или ват системот како што популарно се нарекува, се квалификува како закон, кој што е типичен, кој што е иманентен за земјите со развиена пазарна економија. Се однесува, фактички, за оданочување на сферата на потрошувачката, значи на потрошувачката на сите стоки и услуги и овој закон би го заменил постојниот Закон за данокот на промет.

Негови битни или основни карактеристики и карактеристики се неговата сеопфатност, неговата неутралност и ефикасност. Кога велам сеопфатност, фактички под оваа регулатива ќе подлежат сите физички и правни лица кои што вршат промет со стоки и услуги. Во таа смисла е сеопфатен. Неговата неутралност се гледа во фактот што тој не прави дисторзии од аспект на пазарот и функционирањето на пазарниот систем, а неговата ефикасност се гледа во фактот што тој е еден од најиздашните закони, кој што го познаваат современите законодавства во земјите со развиена пазарна економи- ја. Фактички, од оној момент кога ќе се воведе и ќе се ухода овој закон, навистина, е многу издашен, носи многу средства во државната каса, меѓутоа, исто така, во голема мера придонесува за избегнување на евазијата, за елиминирање на евазијата, односно избегнувањето на неплаќање на даноци. Меѓу земјите со развиена пазарна економија, земјите членки на ОЕЦД, само две земји не го имаат прифатено и применето овој закон, тоа се САД и Австралија. Сите други земји со развиена пазарна економија во практиката денес го применуваат ват системот. Исто така, голем број на земји во развој го применуваат овој систем, а во поново време најголемиот број на земји во транзиција се во фаза на воведување на ова законска регулатива. Како што пред малку напомена:в овој данок треба да го плаќаат сите правни и физички лица, кои вршат промет на стоки и услуги, а за тоа добиваат соодветна противвредност. Тој единствено ги склучува микростопанските единици, односно малите претпријатија и обично во светот за тоа постои регулатива, определен праг во однос на вкупниот приход што тие го реализираат. Фактички, според нашиот предлог овде од оваа регулатива би биле исклучени само микростопанските единици, кои што реализираат вкупен приход до 600 илајди денари, значи нешто околу 20 иљади

германски марки, со тоа што, се разбира, овој праг треба да биде предмет на оценка и понатаму. Јас верувам дека и самите пратеници ќе дадат сугестии во оваа смисла, бидејќи ние мислиме дека сеуште е низок тој праг, затоа што во овој момент во Републиката има регистрира- но 90 иљади мали и средни претпријатија и доколку прагот ниско би се поставил од оваа регулатива би подпаднале голем број на мали претпријатија и би се оптоварила даночната администрација. Затоа, тоа е момент на кој што треба допрва да се размисли, се разбира, да се слушнат сугестиите од самите пратеници.

Инаку, даночната основа за плаќање на ватот се утврдува на два начина. На таканаречена директна и индиректна метода. Директната метода поаѓа од тоа да се утврди додадената вредност на секој стопански субјект и таа да претставува основа за оданочување. Фактички, суштината на директната метода се огледа при утврдување на даночната основа, а се огледа во тоа што таа поаѓа од кумулирање, од собирање на сите трошоци што ја сочинуваат додадената вредност кај еден стопански субјект, Да речеме, елементите што ја сочинуваат додадената вредност се амортизацијата, материјалните трошоци, платите на вработените, каматите, добивката и на таа додадена вредност се плаќа, фактички, ват. Меѓутоа, во светот повеќе од прагматични од практични причини, главно се употребуваа таканаречениот индиректен метод на пресметување на даночната основа. Ниедна земја која што го применила ват системот не оди на утврдување на даночната основа со помош на директната метода. Суштината на индиректната метода е во следното. Данокот на промет што е платен во претходните фази, значи, при набавките, се одбива од данокот на промет што е платен на вкупната вредност, односно при продажбите. Тоа е суштината на овој индиректен метод, кој што е многу поедноставен и попрагматичен за примена. Фактички, на тој начин се

доаѓа до познатиот систем на даночен кредит. Имено, ако даночниот кредит, односно данокот што е платен од страна на стопанските субјекти, даночни обврзници за набавките е поголем од данокот на продажбите, разликата едноставно се враќа, односно се рефундира. Тоа е основниот принцип кај индиректниот метод, кој што функционира на секаде во светот каде што е имплементиран ват системот. Според ват системот, исто така, и увозот подлежи на плаќање на данок, на овој тип на данок, при што даночната основица кај увозот, како што е познато се формира на тој начин што се зема увозната цена според фактурата и таа се зголемува за царината. Така се доаѓа до даночната основа за плаќање на данок на увоз.

Што се однесува до инвестиционата потрошувачка, значи, вложување за проширување на производството, треба да се каже де- ка ватот ја ослободува инвестиционата потрошувачка од плаќање на данок и на тој начин се избегнува двојното оданочување кај инвестиционата потрошувачка и што е многу значајни, на тој начин се овозможува да се стимулираат инвестициите, односно инвестиционата активност во националните економии што го примениле овој систем.

Извозот не подлежи на плаќање на ват. Тоа е така регулира- но и во рамките на Европската унија и во сите земји кои што го имплементирале овој закон. Што е суштината на ваквото решение? Кога стоката се извезува, да кажеме, од Република Македонија во друга земја, таа подлежи на оданочување според ват системот во земјата на дестинација. Значи, во земјата каде што стоката се извезува односно кон

XV/5.-

земјата во која што услугата или стоката е насочена. Според тоа, ако ние извезуваме, да кажеме, во соседна Југославија таму тој износ би подлежал на оданочување според нивниот ват систем. Обратно, при увозот, исто така, земјата, при из- возот на туѓа земја во нашата земја, земјата извозник не врши дома оданочување, меѓутоа ватот се плаќа внатре во нашата земја во Република Македонија според нашата даночна регулатива и на тој начин стопанските субјекти од различни национални економии се ставаат во рамноправна положба.

Она што е посебно значајно и можеби клучно прашање кај ват системот тоа е утврдувањето на даночните стапки. Ако се гледа чистиот теоретски модел, тогаш најверојатно, најточно, најисправно е да постои една единствена стапка и со помош на таа една единствена стапка да се оданочуваат сите стоки и услуги. Такви при- мери имаме во практиката на определени високо развиени земји, кои што воведуваат само една единствена стапка, дури и определен број на земји во транзиција се одлучиле да одат со една единствена стапка. Зошто е тоа, да речам, теоретски најточно, најисправно? Од проста едноставна причина што многу се упростува даночната администрација кога има една единствена стапка сите стоки и услуги, со кои се врши промет подлежат на плаќање на ват според таа една единствена стапка и нема можности за манипулации, за бегање од една во друга тарифа во избегнувањето на плаќањето на данокот. Меѓутоа, иако тоа е теоретски најчисто и најнеутрално, во практиката има еден сериозен проблем. Ако се има една единствена стап- ка, тогаш тој принцип се судрува со принципот на социјалната праведност и ги става во нерамноправна положба даночните обврзници со различна економска моќ. Бидејќи по иста тапка ќе го плаќаат ватот сите даночни обврзници, без оглед каква е

нивната конкретна економска моќ, дали некои имаат поголема или помала економска моќ. Со други зборови станува збор на непомирливост на единствена даночна стапка со социјалниот критериум. Затоа, најголемиот број на земји во светот, вклучувајќи ги тука и високоразвиените земји со пазарна економија пошле на две стапки. Една општа, генерална, која што во принцип важи за најголемиот број на стоки и услуги и една таканаречена намалена стапка по која што се плаќа овој тип на данок, меѓутоа, главно за оние производи, стоки и услуги кои што се најдиректно врзани за животниот стандард на граѓаните и кои што во основа имаат големо значење за животниот стандард на граѓаните, а често пати се врзани и со она што значи минимум на егзистенција на определени слоеви од населението. Значи, од нужните средства за живот, најнеопходните средства за живот редовно дури во високо развиените земји со далеку поголем доход, отколку што е случајот со Македонија се оданочуваат со пониска стапка. Храната, да кажеме облеката и други есецијални потреби врзани за животниот стандард на граѓаните. Република Македонија како земја во транзиција во која што социјалните тензии се прилично нагласени, се разбира, не може да оди на една единствена стапка, тоа е нашето мислење и покрај тоа што од некои експерти, странци кои што добро ја познаваат оваа проблематика, ни беше сугерирана една единствена стапка, а Владата сметаше Министерството за финансии во фазата на подготовка дека едноставно тоа не може да се дозволи во оваа економска социјална ситуација каква што ја имаме моментално во нашата земја. Врз таа основа ние предлагаме две стапки.

Првата општата стапка е 24%.

Намалената стапка е 5%. Малку околу стапките и нивната висина. Принцип е правило врз база на искуствата што ги проучивме во светот, а

морам да ви кажам дека е ова законски проект на кој што се работи, навистина, три години и во кој што беа вклучени не само наши експерти, туку исто така и голем број на странски признати експерти. Тука имавме. помош и од меѓународниот монетарен фонд но исто така имавме помош и имаме сеуште помош од експерти од земји кои што одамна го вовеле овој систем, како што е Франција, Германија, Холандија и тн. Тие искуства ги испитувавме и видовме и сфативме дека во почетокот е дури и препорачливо да се оди со повисока општа стапка. Затоа што обично има проблеми првата година кога се воведува и уходува овој тип на данок и се случило во многу земји кога го воведувале во првата година да паднат значително даночните приходи, а вие знаете дека и во овој момент во данокот на промет државата има прилично високи приходи, околу 9,5 милијарди денари, така што станува збор за сериозен приход во буџетите и не смее да се дозволи паѓање тука, бидејќи на тој начин директно се загрозуваат макроекономските функции на државата и воопшто ако сакате функционирањето на системот. Затоа и ние сме тука внимателни и одиме на почетокот на повисока стап- ка, со тоа што оваа стапка не е така на памет измислена, туку едноставно ние порачавме проект при Заводот за статистика на Република Македонија и тие направија симулација да видиме кои би биле приходите со 24% генерална стапка, со 5% намалена стапка и со си- те тие ослободувања што ги предвидуваме во законот. Се покажа де- ка овие 24% во првата година на воведување на земјата ќе и обезбедат толку приходи, колку што во овој момент обезбедува приходи данокот на промет. Ват системот, дефакто, го заменува данокот на промет. Значи, намалената стапка се однесува на ова 5% за нужните средства за живот за оние што се сензитивни и осетливи за животниот стандард на граѓаните во

земјата. Покрај тоа има голем број на ослободувања внатре во законот, бидејќи очигледно постојат сфери од живеењето на луѓето кои што едноставно треба да бидат ослободени од плаќање на данок, бидејќи тие не работат по комерцијални или не работат по чисто комерцијални принципи, а се извонредно значајни за функционирање на целиот општествен систем. Без оглед на тоа што таквите ослободувања често пати прават дисторзии, ги ставаат некои стопански субјекти во нерамноправна положба, ние одиме на поширока листа на ослободување, имајќи го предвид тој ризик, меѓутоа при изборот на ослободувањата редовно е водено сметка за искуствата во земјите со развиена пазарна економија каде што тоа функционира. Најголемиот број на земји, истите овие дејности и области што ние ги ослободуваме, ги ослободуваат со сегашната, постојната регулатива и тоа е токму така направено без субјективизам, туку објективно ако другите земји тоа го прават кои што имаат долго искуство во примена на овој данок, го правиме и ние тоа.

Стапката од 5% е фактички, навистина ниска, бидејќи според препораките и директивите на Европската Унија таа во различни земји е различна, се движи од 5 до 9%. Ние појдовме на минимална стапка од 5%, а тоа е намалената за нужните средства за живот.

Овој закон, како што реков, има голем број на предности.

Прво, е многу ефикасен, многу издашен и она што е посебно значајно, тоа е фактот дека овозможува само контрола на меѓусамите даночни обврзници. Кога велам само контрола, мислам на фактот што како што видовте, данокот платен при набавката се одбива од данокот платен при вкупните продажби. Според тоа, стопанските субјекти кога ги набавуваат фактурите, тие се заинтересирани самите да добијат фактура со реална вредност, а не со смалена вредност, бидејќи ќе им се

намали она што треба да се одбие, односно подоцна преку даночниот кредит да рефундира. Така да самите даночни обврзници се контролираат еден со друг и затоа е многу ефикасен и многу значаен самиот закон. Во таа смисла тој во голема мера придонесува за избегнување на евазијата. Она што значи систем го обезбедува. Бидејќи евазијата може да се спречува со репресивни мерки, сите земји тоа го употребуваат. Меѓутоа, репресивните мерки не се доволно ефикасни. Економските мерки, економската логика, економскиот резон кој што е инкорпориран во ова даночно решение е најефикасниот механизам кој што во голема мера ќе обезбеди избегнување на евазијата, се разбира тогаш кога системот ќе профункционира.

Она што е негативност на овој закон, бидејќи веќе и теоретски овој модел е богато разработен, тоа е фактот што во почетокот има определен инфлаторен ефект. Меѓутоа, тој инфлаторен ефект не е директен и за среќа во Македонија ќе биде скоро елиминиран, затоа што сегашната општа стапка на данокот на промет кај нас е 25%, а овде одиме, гледате, со 24%. Во други земји каде што претходно стапката на данокот на промет била пониска, па се пошло со општа стапка далеку повисока имало инфлаторни ефекти. Така што нашата експертска група, а и она што разговаравме со меѓународните ефекти оценува дека нема опасност од некој посериозен инфлаторен ефект, но во секој случај во онаа година кога ќе се при- мени треба тоа повторно да се согледа. Негативност на законот е и тоа што тој е регресивен, а тоа регресивен значи дека на еден или на друг начин потешко ги погаѓа посиромашните слоеви на населението. Имено, станува збор за тоа дека посиромашните слоеви на населението релативно гледано во проценти поголем дел од својот доход го наменуваат за потрошувачка. Побогатите слоеви на

населението, еден добар дел од доходот го употребуваат и за инвестирање. Гледате, овој закон ја ослободува инвестиционата потрошувачка, меѓутоа, другата потрошувачка, личната задолжително ја оданочува. Меѓутоа, тоа е проблем не кај нас, туку на секаде и оваа регресивност фактот што ги погодува повеќе пониските слоеви на населението, би рекол ефикасно може да се надминува и се надминува во практиката на два начини.

XVI/1 ДВ/НД

**ТАКИ ФИТИ:** (Продолжение)

Второ, преку даночните ослободувања што секоја земја ги предвидува, а како што реков и кај нас има широка листа на такви даночни олеснувања. Вие тоа можете да го видите. Во член 29 дури и пошироко се елаборирани сите ослободувања што овој законски проект ги обезбедува.

Да кажам уште една работа и со тоа ќе завршам. Зошто одиме со примена на законот не од следната 1998 година туку 1999 година.

Овој закон е врзан со прилично големи инвестиции врзани за воспоставување и синхронизирање и координирање на информационата поддршка. Овој данок не може да функционира без јака информациона поддршка. Тоа бара добри просторни услови за сите министерства, за сите подрачни единици на Министерството за финансии и вие знаете дек, ние сме во фаза кога обезбедуваме 14 или 15 подрачни единици на М нистерството за финансии кои се комплетно опремени а кај другите тој процес тече и во овие услови на тешка економска ситуација, правиме огромни напори тоа да го направиме во сите подрачни единици. Компјутерската база во основа е обезбедена и ќе треба и кадровски да се засилат подрачните единици. Меѓутоа, сите овие зголемени трошоци овој вид на данок после тоа обилно ги враќа и на самата држава. Се разбира не само подрачните единици на Министерството за финансии туку и царинската управа треба да биде комплетно обезбедена. Во 1995 година Владата има донесено своја програма за опремување на подрачните единици на Министерството за финансии и ние таа програма ја реализираме редовно.

Исто така сметаме дека е многу корисно, тоа го договараме и со експертите на ММФ, во текот на следната година да одиме со пилот

програма, односно да избереме одредени претпријатија кои се во фази, во економскиот циклус поврзани и да стимулираме, да видиме како би функционирал данокот на додадена вредност во тие избрани претпријатија односно во тие пилот претпријатија, со тоа што тие нема ефективно да плаќаат данок на додадена вредност, туку едноставно ќе се симулира едно такво плаќање да се види дали е се во ред со предвидената документација, фактури и други неопходни документи, ко; тип на документација недостига и што треба натаму да се менува во информациониот систем кој сега се монтира во сите подрачни единици на Министерството за финансии. Мислиме дека на тој начин многу рабо1: благовремено ќе се разрешат за со една поголема доза на сигурност да влеземе во имплементација на овој закон.

Дефинитивно тука има уште еден резон, познат од практиката на сите земји дека пред примената на овој закон е многу добро тој широко да се популаризира меѓу граѓаните и меѓу идните даночни обврзници. Еве заради сите тие моменти ние едноставно мислиме дека и оваа и наредната година треба да биде година на сериозни завршни подготовки за од 1999 година да профункционира овој нов вид на данок во РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани министри, претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници,

Го поздравувам отпочнувањето на расправата во Собранието по овој мошне важен закон од областа на даночната свера.

Посебно и многу значајно место во економскиот систем на една земја зазема даночниот систем и даночната политика. Затоа и сите

активности кои се правата во рамките на даночниот систем и мерките на даночната политика се следат со нужно влијание и во успешноста на вкупната трансформација на економскиот систем многу важни се токму и реформите кои отпочнуваат и се одвиваат во даночната свера воопшто, а посебно на таканаречените даноци на потрошувачка и пред се доминантноста на данокот на промет на производи и услуги. Иако и досега на тој план се преземаа низа мерки, сепак немавме до крај заокружување на регулативата, во смисла на сеуште присутноста за одредени производи и услуги, таканаречено еднофазно пресметување и наплата.

Сега со воведување на повеќефазниот данок како сефазен нето данок на промет, практично значи се воведува пресметка и наплата во сите фази на производството и прометот и фактички се пресметува и наплатата и правото на пренос на располагањето со стоката или услугата, но треба да се нагласи дека тоа е само за новосоздадената односно новододадената вредност.

Со примената на овој закон практично се приближуваме кон земји кои во своите даночни системи го практикуваат и каде што преовладува данокот на додадена вредност или познат како ВАТ систем и фактички значи дека тргнуваме во регулирање на односите во сверата на даночниот систем и постигнуваме стандард во оваа област кој стандард ја прави РМ респективен партнер и земја од земјите каде што промената на ваков закон се практикува подолго време. Затоа и го поздравувам отпочнувањето на расправата по овој предлог за донесување кој претходно ја помина и процедурата во Владата од каде се гледа јасната намера дека и во областа на даночниот систем, пред се кај даноците ] потрошувачката се прави заокружување на веќе отпочнатите промени и

приклучување кон даночните системи кај поразвиените земји. И не само заради тоа туку и заради тоа што, покрај прилагодување со другите даночни системи на развиените земји, со данокот на додадена вредност се обезбедува поправеден систем на оданочување, рамноправни во условите на стопанисување на стопанските субјекти, поголем опфат на даночни обврзници и само преку тоа отворање на можности за помал! даночни зафаќања и даночни ослободувања.

Овој предлог за донесување е прилагоден и спрема економската и социјалната состојба на РМ, прилагодено решение спрема нашите услови, степени и ниво на развој на стопанството и стопанските субјекти и воопшто состојбата на граѓаните во РМ. Овде пред се мислам на прифатливото решение за примена на пропорционалните односи со диференцираните стапки на данок на додадена вредност, посебно примената на намалената даночна стапка и тоа за испорака на сопствена потрошувачки и увоз на производи и услуги кои се од посебно значење за стандардот на граѓаните на РМ.

Сигурно дека ќе треба да помине извесен период од наше прилагодување кон оваа новина, а она што треба посебно да се обрне внимание е во почетниот период примената на овој закон е токму притисокот кој може да се јави врз нагорното движење на цените на производите и услугите,и стапката на инфлацијата како неопходноста од преземање на соодветни мерки во спречување од евентуални можни инфлаторни движења во РМ.

Она што посебно укажувам е дека времето до примената на овој закон треба максимално да се искористи за пошироко запознавање на даночните обврзници, се разбира и на даночната администрација кај граѓаните воопшто.

XVI/5.-

Времето, а пред се анализите, а преку нив и можностите што ќе ги има РМ ќе треба да покажат дали ќе може да се оди кон евентуално намалување на општата даночна стапка, или пак тоа ќе биде со вклучување на некој од производите и услугите на некој од намалената даночна стапка, или пак во проширувањата кај даночните ослободувања.

Токму преку даночната политика како многу важна алка во конципирањето на приоритетите во области и гранки и воопшто развојниот концепт во РМ може да одигра многу важна улога во утврдувањето на властите каде што даночната политика ќе има поактивно влијание. Сепак, да не заборавиме дека не смееме да дозволиме преголеми нарушувања или преметувања токму преку данокот на додадена вредност, нарушувања во обезбедувањето на приходите во билансот на приходи во Буџетот на РМ, како и преголемите измени во структурата на обезбедувањето на буџетските приходи.

Да се потсетиме дека сегашното учество на вкупните даноци на потрошувачка, што значи данок на додадена вредност или сегашниот данок на промет, акцизи и царини изнесува некаде околу 66% од вкупните даночни приходи или околу 27 милијарди денари. Учеството кое што е предмет на овој закон на данокот на промет, во вкупните даночни приходи изнесува 22,3% или 9 милијарди 220 милиони долари. Тоа е барем според проекцијата на годинашниот буџет.

Во текстот на законот имам неколку укажувања:

До отпочнувањето на примената на овој закон ќе треба да следат активности кои би биле во функција на подготовка и утврдување на групите и видовите на производи и услуги кои треба да се изготват до крајот на наредната година. Ќе се бара и дополнителен ангажман во поточно

утврдување на даночната основа на вредноста, согласно прописите за царинење и посебно надоместоците кои може да бидат нереално искажани и тоа ангажман на надлежниот царински орган во утврдување на даночната основа, кога станува збор за увоз на стоки или вршење на услуги од увоз.

При промената на даночната основа и тоа во случаи кога се враќа стоката се поништува договорот за испорака. Основ по кој ќе може да се коригира наплатениот данок и изврши корекција на даночниот кредит е можно само ако претходно постои книговодствено евидентирање и прикажување кај даночните пријави во претходните пресметковни периоди. Тоа укажува на обврската за водење и чување на даночните пријави.

Понатаму, доследна примена во невлкучување во даночната основа на вредноста на сите форми на дисконт и рабат доколку тие не се посебно искажани во документите и евидентирани во време на испораката на стока. Повторувам во време на испорака на стоката, формите на рабат и дисконт може да се изземат од даночниот основ. После тоа мислам дека некои решенија кои досега беа практикувани одеа на штета.

Кај даночните ослободувања во земјата, кога станува збор за ослободување од плаќање на данок на додадена вредност, а претходно бил платен данокот, иако е тоа без право на даночен кредит многу е важно транспарентноста иако претходно и со предлог на законот детално е пропишан начинот на остварување на овие ослободувања. Истото се однесува и за даночните ослободувања при увозот поточно за стоките кои потпаѓаат под одредбите на транзитните аранжмани, стоките кои се внесуваат во слободните царински зони и складишта врз основа на специјални аранжмани и за стоките што потпаѓаат под одредбите на аранжманите за привремен увоз и реекспорт.

XVI/7.-

Кај даночните ослободување при извозот на стоки и услуги кога претходно е платен данок на додадена вредност, а со право на даночен кредит е карактеристично токму за извозните испораки кои не се наплатени во рок од 90 дена од денот на извозот, се плаќа овде данок на додадена вредност, а тој се враќа ако извозот се наплати по истекот на 90 дена. Овде исто така е важно обезбедувањето на начини и инструменти за ваквите даночни ослободувања при извозот.

Во предвидената постапка за враќање на данокот на додадена вредност платен од странски физички лица при купување на стоки од територијата на РМ, кога се изнесува таа стока и ја поминува царинската линија на РМ, е сериозна обврска за правовремено исполнување на оваа обврска. Тоа ќе ни биде показател како ќе функционира, меѓу другото ] по овој дел ВАТ системот во СРМ.

Важно и доследната примена од враќањето на позитивната разлика во рок од 30 дена кога износот на даночниот кредит е поголем од износот на данокот на додадена вредност. Но, овде е многу важно да се почитуваа и роковите согласно овој закон, во смисла на почитување на рокот даночниот обврзник на време да поднесе даночна пријава и за претходните премсетковни периоди. Тоа впрочем е и обврска за сите даночни обврзници и правни субјекти.

Иако постои можност за враќање на данокот за додадена вредност согласно даночните ослободувања при увозот на стока, сепак во оваа прилика треба да истакнеме дека во моментот кога се плаќаат царинските давачки во исто време се плаќа и данокот на додадена вредност и тоа претставува товар во моментот на плаќањето за обврзникот. Токму тука претстои опасност од можни последици врз нагорното движење на цените на домашниот пазар.

XVI/8.-

Почитувани пратеници, ќе треба да направиме напор но не со овој закон туку со решение во законот за висината на затезната камата или казнената камата, таа стапка да се прилагоди кон движењето на цените на мало во текот на годината и тоа во оној дел каде што граѓаните и претпријатијата немаат ниту услови, ниту можности за договарање за снабдувак>е и тн, таму каде што граѓаните и претпријатијата немаат друга алтернатива во договарање со други доверители за условите на испораката и за условите за користење на стоката. Тоа е случајот и со водата, струјата, станарините, а тоа е и со овој закон случајот со плаќањето и ненавременото плаќање на данокот на додадена вредност.

Значајни корекции се направени во претходниот период, во намалувањето на висината на затезната камата. Меѓутоа, сепак процентот од 03 дневно казнена камата за ненавремено плаќање е сеуште висока и не одговара на вистинското движење на цените.

Не би сакал да се разбереме погрешно и да се свати дека треба да предлагаме висина на казнена камата која ќе стимулира неплаќање. Меѓутоа, сепак да биде во едни реални рамки согласно повторните движења. Ние отпочнавме со една таква активност преку почитуваниот колега пратеник Александар Ивановски и се надевам дека ќе дојдеме до едно прифатливо решение во овој дел и кое ќе има позитивно дејство и кај Законот за додадена вредност.

Добро е што во Законот е предвидена обврската за регистрација на даночните обврзници и тоа како мерка да биде остварената вредност која подлежи на оданочување во претходните 12 месеци. Со ова се овозможува, за оние помали даночни обврзници да не постои задолжителност за регистрација. Меѓутоа дали не е предолг рокот од 36 месеци, рок кој треба да биде поминат за да може даночниот обврзник да бара и да има право на прекинување претходно пријавената

регистрација, тогаш на прекинување на претходно пријавената регистрација, тогаш кога неговата вредност на прометот кој подлежи на оданочување не ја остварува во текот на годината.

Формата и начинот на водењето на евиденцијата за данокот на додадена вредност не треба да ја сфатиме како обврска на обврзниците туку и како право кое може да му обезбеди евентуално побарување за враќање на претходно платениот данок.

Обврската за издавање на пропишан документ за испорака на стока или извршена услуга ќе претставува и понатаму предизвик и за обврзниците и за даночната администрација. Дали и во овој дел ќе се приближиме кон земјите кои традиционално и без приговор ја извршуваат оваа обврска ко]а има голема важност.

Би сакал да укажам на важноста од тоа како ќе се остварува и како ќе функционира соработката помеѓу надлежниот орган по овој закон и другите финансиски институции, институциите за платен промет и другите учесници и лица кои се должни по овој закон да дадат информации за финансискиот биланс или други информации кои ги поседуваат даночните обврзници.

Меѓу основните претпоставки за функционирање и примена на овој закон кој навистина е суштински во нашиот даночен систем е и едукацијата на обврзниците и даночната администрација.

Почитувани колеги пратеници, имајќи предвид дека се работи за предлог за донесување на еден исклучително важен закон, закон со кој се заокружува регулативата во даночниот систем кај нас пред се кај даноците на потрошувачката, закон кој што со неговата употреба се приближува ка^ даночните системи и земји каде што преовладува ВАТ системот, а во исто време закон кој што ја земја предвид економско

XVI/10.-

Социјална состојба во РМ, а отвара и можности со неговата доследна промена и за одредени даночни ослободувања треба да дадеме поддршка за неговото донесување. За некои форми и содржини во функционирањето на данокот на додадена вредност кои сега се присутни во високо развиените земји, членки на економската унија, ние сега не би можеле да зборуваме и да отвараме расправа. Но и овој исчекор што го правиме обезбедува висок стандард во областа на даночниот систем во РМ.

На крајот треба да ги поздравиме и сите оние кои беа вклучени во подготовката на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлагам тука да престанеме со работа, а за тоа кога ќе продолжиме ќе ве информирам дополнително.

(Седницата прекина во 17, 15 часот).